Location:ЈП Службен весник на РСМ
Contact:contact@slvesnik.com.mk
Date:16.07.2024 15:40:23
Reason:Документ со електронски печат
CN=JP Sluzben vesnik na RSM, O=JP Sluzben vesnik na Republika Severna Makedonija, OID.2.5.4.97=NTRMK-4054857, OU=VAT - 4030987108771, C=MK

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 148** **16 јули 2024, вторник** **година LXXX**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

### СОДРЖИНА

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2572. | **Одлука** за изменување на Одлуката за основање на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија........................ | 2 |
| 2573. | **Одлука** за започнување на постапка за доделување на Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на катни монтажни гаражи во Универзитетски Клинички центар - Комплекс клиники „Мајка Тереза“ – Скопје.............. | 6 |
| 2574. | **Решение** за исправка на Решението за именување в.д. директор на Бирото за регионален развој.................... | 7 |
| 2575. | **Решение** за престанок на вршење на нотарската служба........................... | 7 |
| 2576. | **Програма** за обуки за вршење финансиска инспекција........................ | 7 |
| 2577. | **Одлука** на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.34/2024 од 3 јули 2024 година...... | 8 |
| 2578. | **Одлука** на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.53/2024 од 3 јули 2024 година...... | 9 |
| 2579. | **Одлука** на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.61/2024 од 20 јуни 2024 година.... | 10 |
| 2580. | **Одлука** на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.67/2024 од 3 јули 2024 година...... | 12 |
| 2581. | **Решение** на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.69/2023 и У.бр.70/2023 од 20 јуни 2024 година...................................... | 13 |
| 2582. | **Решение** на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.131/2024 и У.бр.143/2024 од 20 јуни 2024 година............................... | 18 |
| 2583. | **Издвоено мислење** по предметот У.бр. 131/2024 и У. бр. 143/2024.......... | 23 |
| 2584. | **Решение** на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.170/2024 од 20.6.2024 година... | 25 |
| 2585. | **Решение** од Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија...................................... | 28 |
| 2586. | **Одлука** за престанување на важење на Упатството за начинот на мерење на гледаноста и слушаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите во Република Македонија.............................. | 29 |
| 2587. | **Одлука** за менување на Одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија ................................ | 30 |
| 2588. | **Одлука** за издавање на Привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија............................................ | 31 |

Стр.

2589. **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.... 32
2590. **Одлука** за продолжување на Лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија...................................................... 36
2591. **Одлука** за издавање на Привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија ............................................. 37

Стр.

2592. **Одлука** за издавање на Лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија .......................... 38
2593. **Одлука** за издавање на Привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија............................................. 42
2594. **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.... 44
**Огласен дел**...................................... 1-80

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2572.**

Врз основа на член 41 од Законот за Влада на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 26/01, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 јули 2024 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за основање на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. бр.37/98, 45/98,28/99, 61/99, 21/01, 30/01, 21/02, 69/03, 147/07, 139/08, 87/09, 135/09, 67/10, 37/11, 136/12, 95/2013, 34/2014, 38/2014, 90/14, 88/15, 45/16 и 188/18), во насловот и низ целиот текст на Одлуката зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 2

Списокот на министерствата и органите во состав, секретаријати и други стручни служби на Владата на Република Македонија, самостојни органи на државната управа, управни организации, правосудните органи и други државни органи, се заменува со нов список на министерства и органи во состав, секретаријати и други стручни служби на Владата на Република Северна Македонија, самостојни органи на државната управа, управни организации, правосудните органи и други државни органи, кој е даден во прилог и е составен дел на оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-5737/3
5 јули 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**Прилог**

**СПИСОК**
**НА МИНИСТЕРСТВА И ОРГАНИ ВО СОСТАВ, СЕКРЕТАРИЈАТИ И ДРУГИ СТРУЧНИ СЛУЖБИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, САМОСТОЈНИ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА, УПРАВНИ ОРГАНИЗАЦИИ, ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ И ДРУГИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ**

| Реден број | Назив на органот и органот во негов состав |
|---|---|
| 1. | **Претседател на Собранието на Република Северна Македонија** |
| 2. | **Претседател на Република Северна Македонија** |
| 3. | **Влада на Република Северна Македонија** |
| 3.1. | **Канцеларија и кабинет на претседателот на Владата на Република Северна Македонија** |
| 3.2. | **Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија** |
| 3.3. | **Секретаријат за законодавство на Владата на Република Северна Македонија** |
| 4. | **Претседател на Република Северна Македонија на кого му престанала функцијата** |
| 5. | **Семејство на претседателот на Република Северна Македонија на кого му престанала функцијата за време намандатот** |
| 6. | **Министерство за одбрана** |
| 7. | **Министерство за внатрешни работи** |
| 7.1. | Биро за јавна безбедност |
| 8. | **Министерство за правда** |
| 8.1. | Управа за извршување на санкциите |
| 8.2. | Биро за процена |
| 8.3 | Управа за водење матични книги |
| 9. | **Министерство за односи меѓу заедниците** |
| 9.1. | Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците |
| 9.2. | Управа за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Македонија |
| 10. | **Министерство за надворешни работи и надворешна трговија** |
| 11. | **Министерство за европски прашања** |
| 12. | **Министерство за финансии** |
| 12.1. | Управа за имотно – правни работи |
| 12.3. | Управа за финансиско разузнавање |
| 12.4. | Биро за јавни набавки |
| 12.5. | Царинска управа |
| 12.6. | Управа за финансиска полиција |
| 12.7. | Управа за јавни приходи |
| 12.8 | Државен девизен инспекторат |
| 13. | **Министерство за економија и труд** |
| 13.1. | Државен пазарен инспекторат |
| 13.2. | Управа за наменско производство |
| 13.3 | Државен инспекторат за труд |
| 14. | **Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини** |
| 14.1. | Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини |
| 14.2. | Биро за метрологија |

| | |
|---|---|
| ***15.*** | **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** |
| ***15.1.*** | Управа за водостопанство |
| ***15.2.*** | Управа за семе и саден материјал |
| ***15.3.*** | Фитосанитарна управа |
| ***15.4.*** | Управа за хидро-метеоролошки работи |
| ***15.5.*** | Државен инспекторат за земјоделство |
| ***15.6.*** | Државен инспекторат за шумарство и ловство |
| ***16.*** | **Министерство за здравство** |
| ***16.1.*** | Државен санитарен и здравствен инспекторат |
| ***17.*** | **Министерство за образование и наука** |
| ***17.1.*** | Педагошка служба |
| ***17.2.*** | Биро за развој на образованието |
| ***17.3.*** | Државен просветен инспекторат |
| ***18.*** | **Министерство за социјална политика, демографија и млади** |
| ***18.1.*** | Управа за прашања на борците и воените инвалиди |
| ***19.*** | **Министерство за локална самоуправа** |
| ***19.1.*** | Државен инспекторат за локална самоуправа |
| ***19.2.*** | Биро за регионален развој |
| ***20.*** | **Министерство за култура и туризам** |
| ***20.1.*** | Упраза за заштита на културното наследство |
| ***21.*** | **Министерство за дигитална трансформација** |
| ***22.*** | **Министерство за јавна администрација** |
| ***22.1.*** | Државен управен инспекторат |
| ***23.*** | **Министерство за транспорт** |
| ***23.1.*** | Државен инспекторат за транспорт |
| ***23.2.*** | Државен инспекторат за градежништво и урбанизам |
| ***23.3.*** | Државен комунален инспекторат |
| ***23.4.*** | Капетанија на пристаништата |
| ***24.*** | **Министерство за животна средина и просторно планирање** |
| ***24.1.*** | Државен инспекторат за животна средина |
| ***24.2.*** | Управа за животна средина |
| ***24.3.*** | Служба за просторен информативен систем |
| ***25.*** | **Министерство за спорт** |

**САМОСТОЈНИ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА, УПРАВНИ ОРГАНИЗАЦИИ, ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ И ДРУГИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ**

| | |
|---|---|
| 26. | Агенција за иселеништво на Република Северна Македонија |
| 27. | Агенција за катастар на недвижности |
| 28. | Агенција за остварување на правата на заедниците |
| 29. | Агенција за промоција и поддршка на туризмот |
| 30. | Агенција за стоковни резерви |
| 31. | Агенција за управување со одземен имот |
| 32. | Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој |
| 33. | Агенција за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија |
| 34. | Агенција за енергетика на Република Северна Македонија |
| 35. | Агенција за задолжителни нафтени резерви |
| 36. | Агенција за заштита на лични податоци |
| 37. | Дирекција за безбедност на класифицирани информации |
| 38. | Дирекција за заштита и спасување |
| 39. | Дирекција за радијациона сигурност |
| 40. | Дирекција за технолошки индустриски развојни зони |
| 41. | Државен архив на Република Северна Македонија |
| 42. | Државен завод за индустриска сопственост |
| 43. | Државен завод за статистика |
| 44. | Државна комисија за жалби по јавни набавки |
| 45. | Државна комисија за спречување корупцијата |
| 46. | Државно правобранителство на Република Северна Македонија |
| 47. | Инспекциски совет |
| 48. | Комисија за односи со верски заедници и религиозни групи |
| 49. | Национална агенција за европски образовни програми и мобилност |
| 50. | Фонд за иновации и технолошки развој |
| 51. | Центар за управување со кризи |
| 52. | Уставен суд на Република Северна Македонија |

**2573.**

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 153/19, 261/19, 89/22 и 65/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 јули 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ИЗГРАДБА НА КАТНИ МОНТАЖНИ ГАРАЖИ ВО УНИВЕРЗИТЕТСКИ КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР - КОМПЛЕКС КЛИНИКИ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ – СКОПЈЕ**

Член 1

Со започнување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на катни монтажни гаражи во Универзитетски Клинички центар - Комплекс клиники „Мајка Тереза“ – Скопје, каде што приватниот партнер ќе врши финансирање, дизајнирање, изградба на објектот, опремување, користење, управување и одржување на новите објекти до нивното предавање на јавниот партнер, се обезбедуваат:

- решавање на недостигот на паркинг места;
- решавање на моменталното неорганизирано паркирање;
- олеснување на движењето на болничките возила и возилата на итна медицинска помош;
- олеснување на движењето на корисниците на здравствените услуги и посетителите.

Член 2

Целите кои треба да се остварат со доделувањето на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на катни монтажни гаражи во Универзитетски Клинички центар - Комплекс клиники „Мајка Тереза“ - Скопје се:

- изградба на 2 (две) катни монтажни гаражи во Универзитетски Клинички центар - Комплекс клиники „Мајка Тереза“ – Скопје, за кои се очекува да одговорат на потребите на посетителите и вработените во Универзитетски Клинички центар - Комплекс клиники „Мајка Тереза“ - Скопје, како и корисниците на паркинг места;
- изведба на инфраструктурни сообраќајни решенија со цел воспоставување поголем ред во движењето на возилата во Универзитетски Клинички центар - Комплекс клиники „Мајка Тереза“ - Скопје;
- подобрување и зголемување на ефикасноста на движењето на амбулантните возила;
- зголемување на безбедноста на пешаците во рамките на Универзитетски Клинички центар - Комплекс клиники „Мајка Тереза“ – Скопје;
- обезбедување на поквалитетни услови за организирање на движењето на возилата низ Универзитетски Клинички центар - Комплекс клиники „Мајка Тереза“ – Скопје.

Член 3

Предмет на постапката за доделување договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на катни монтажни гаражи во Универзитетски Клинички центар - Комплекс клиники „Мајка Тереза“ - Скопје е избор на приватен партнер за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство кој ќе врши финансирање, дизајнирање, изградба и опремување на 2 (две) катни монтажни гаражи во Универзитетски Клинички центар - Комплекс клиники „Мајка Тереза“ – Скопје до нивно предавање на јавниот партнер.

Основните услови за доделување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство се:

- користење, управување и одржување на новите објекти до нивното предавање на јавниот партнер;
- овозможување пристап до катните монтажни гаражи;
- партерно-хортикултурно уредување на Универзитетски Клинички центар - Комплекс клиники „Мајка Тереза“ – Скопје.

Јавниот партнер ќе обезбеди локација за изградба на катните монтажни гаражи.

Приватниот партнер треба да го предаде објектот со целокупната документација во владение на јавниот партнер во рок од 30 дена од денот на престанувањето на важењето на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Проценета вредност на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство е 637.770.252,00 денари.

Критериум за доделување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство ќе биде „најниска понудена цена“ за паркирање за еден час за посетители во Универзитетски Клинички центар - Комплекс клиники „Мајка Тереза“ - Скопје и „најниската понудена месечна цена“ за паркирање за вработените.

Другите услови за доделување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство ќе бидат утврдени во содржината на тендерската документација.

Член 4

Постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство ќе се спроведе како отворена постапка која ќе заврши со електронска аукција согласно Законот за јавните набавки (*).

Член 5

Постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство ја спроведува Комисија за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство која ќе биде формирана од страна на Владата на Република Северна Македонија, по предлог на министерот надлежен за работите од областа на здравството, во рок од седум дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Комисијата за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство ќе ја изготви тендерската документација, вклучувајќи ги и нацрт - договорот за јавно приватно партнерство и јавниот оглас, во рок од 30 дена од денот на формирањето на Комисија за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Комисијата за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство ќе го објави јавниот оглас за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, во рок од пет дена од денот на изготвувањето на тендерската документација.

Член 6

Постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство ќе биде спроведена во рок од 120 дена од денот на формирањето на Комисијата за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Член 7

Времетраењето на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство изнесува 20 години од денот на влегувањето во сила на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Член 8

Висината на надоместокот за издавање на тендерската документација изнесува 200 евра во денарска противвредност, според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на објавувањето на јавниот оглас.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-1046/7 | Претседател на Владата |
| 5 јули 2024 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р. |

**2574.**

Врз основа на член 24 став (2) од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/2021 и 174/2021) и член 36 став (6) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 142/2016, 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), и член 97 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2015), Владата на Република Северна Македонија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИСПРАВКА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА БИРОТО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ**

1. Во Решението за именување на в.д. директор на Бирото за регионален развој, Број 14-5785/1 од 5 јули 2024 година на Владата на Република Северна Македонија, поради техничка грешка, се врши исправка, така што во точка 1 од решението, наместо: „Даут Мемеши“, треба да стои: „Даут Мемиши“.
2. Оваа исправка има правно дејство од денот од кој има правно дејство актот на кој се врши исправката.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

| | |
|---|---|
| Број 14-5908/1 | Претседател на Владата |
| 10 јули 2024 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р. |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**2575.**

„Службен весник на РМ“ бр.72/16, 142/16 и 233/18), Министерството за правда го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ВРШЕЊЕ НА НОТАРСКАТА СЛУЖБА**

1. На нотарот БИЛЈАНА ДАМЈАНОВСКА ЈАНЧЕВСКА од Битола и престанува вршењето на нотарската служба по нејзино барање.
2. Решението влегува во сила на ден 5.8.2024 година.

О б р а з л о ж е н и е

Со решение на Министерот за правда бр. 04-4417/3 од 17.11.1998 година, врз основа на третиот Конкурс за именување на нотари, лицето Билјана Дамјановска Јанчевска е именувана за нотар на подрачјето на Основниот суд во Битола.

Нотарот Билјана Дамјановска Јанчевска од Битола, до Министерството за правда достави Барање за престанок на вршење на нотарската служба заведено под бр.09- 1937/1 од 02.07.2024 година, со кое бара да и престане вршењето на нотарската служба на ден 05.08.2024 година, поради исполнување на услови за старосна пензија согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување, односно поради навршени 62 години возраст.

Според член 18 став (1) точка в) од Законот за нотаријатот, службата на нотарот престанува по негово барање, со истекот на рокот определен во барањето за престанок на службата. Според член 19 став (1) од Законот за нотаријатот, нотарот може во секое време да побара да му престане службата. Нотарот Барањето го поднесува писмено до Министерството. Во барањето треба да биде определен рокот за престанок на вршење на службата. Нотарот во барањето како рок за престанок на вршење на службата го определи датумот 05.08.2024 година.

Министерството за правда постапувајќи по поднесеното барање за престанување на вршење на службата на нотарот, имајќи ги во предвид одредбите од член 18 став (1) точка в) и став (2) и член 19 од Законот за нотаријатот, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението пред надлежниот суд.

| | |
|---|---|
| Бр. 09-1937/2 | |
| 11 јули 2024 година | Министер за правда, |
| Скопје | **Игор Филков**, с.р. |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**2576.**

Врз основа на член 38 став (3) од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/23), министерот за финансии, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ОБУКИ ЗА ВРШЕЊЕ ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА**

Член 1

Со оваа програма се пропишуваат обуките за вршење финансиска инспекција.

Член 2

Специјализираните обуки за финансиски инспектор кои имаат за цел стручно усовршување на финансиските инспектори, ги опфаќаат областите со следните теми:

1. Буџетски процес

- основи на постапката за изработување, донесување, извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и на буџетите на општините и известување за нивно извршување;
- фискални правила;
- среднорочно буџетско планирање, управувањето со средствата на државата и на општините и следење на финансиските резултати на јавните претпријатија и трговските друштва основани од државата, како и нивна фискална одговорност;
- извори на финансирање на локалната самоуправа: сопствени извори на приходи, дотации од Буџетот на Република Северна Македонија и задолжување;
- ревизија на Буџетот на Република Северна Македонија и на буџетите на општините;
- одговорност за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и на буџетите на општините;

- обврска за наплата на приходи од надлежност на буџетските корисници;
- проверка на законитоста и наменското користење на средствата на Буџетот на Република Северна Македонија и буџетот на општините и
- преземање на мерки доколку средствата на Буџетот на Република Северна Македонија и на буџетите на општините не се искористат за утврдените намени.

2. Разлики помеѓу ревизијата, финансиската инспекција во јавниот сектор и улогата на другите истражни органи во вршењето на контролите врз буџетските средства
- вовед во основите на системот за внатрешна контрола.
- улогата на внатрешната ревизија, нејзиното воспоставување и независност;
- улогата на финансиската инспекција во јавниот сектор во заштитата на националните финансиски интереси;
- основи на методологијата за внатрешна ревизија;
- разлики помеѓу финансиската инспекција во јавниот сектор и внатрешната ревизија;
- улогата на Државниот завод за ревизија;
- споредба на постапувањето на Државниот завод за ревизија и финансиската инспекција во јавниот сектор;
- улогата на Управата за финансиска полиција во постапувањето со кривичните дела во нивна надлежност;
- улогата на јавното обвинителство во постапувањето по дејствија за кои постои сомнение за сторено кривично дело и
- пријавување сомнеж за сторено кривично дело во постапките што ги водат државните органи до јавното обвинителство.

3. Сметководство за буџетите и буџетските корисници и сметководство на трговските друштва
- концептот на сметководство и книговодство, деловни книги и сметководствени документи;
- принципи на препознавање на деловни настани и примена на сметковен план;
- начин на признавање на приходите и расходите и
- подготовка на финансиски извештаи.

4. Основи на ИПА 3 и разлики со ИПА 2
- програмски период за ИПА 3;
- структури и органи за имплементација на ИПА 3 и
- разлики помеѓу ИПА 2 и ИПА 3.

Член 3

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 25-4364/1
12 јули 2024 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска - Кочоска**, с.р.

# УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2577.**

Уставниот суд на Република Северна Македонија, во состав д-р Дарко Костадиновски, претседател на Судот и судиите Насер Ајдари, м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева, д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, Елизабета Дуковска, д-р Осман Кадриу, Добрила Кацарска , д-р Ана Павловска-Данева и м-р Фатмир Скендер, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 70 и 79 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија” број 70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 202/2019, 256/2020 и 65/2021), на седницата одржана на 3 јули 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

1. СЕ УКИНУВА член 15 став 1 алинеја 3 од Деловникот на Советот на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани” број 5/2006).

2. СЕ СТАВА ВОН СИЛА Решението за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија што се преземени врз основа на член 15 став 1 алинеја 3 од Деловникот на Советот на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани” број 5/2006).

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Образложение

I

Уставниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на член 14 став 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија, по сопствена иницијатива, со Решението У.бр.34/2024 од 9 април 2024 година поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на одредбата од Деловникот на Советот на Општина Кочани, означен во точката 1 од оваа одлука.

II

На седницата Судот утврди дека според член 15 став 1 алинеја 3 од Деловникот на Советот на Општина Кочани, член на Советот има право на седниците на Советот да поднесе барање за давање на автентично толкување на прописите.

III

Според член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, владеењето на правото е темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Со член 51 од Уставот, е утврдено дека во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Според член 110 алинеја 2 од Уставот, Уставниот суд на Република Северна Македонија одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Согласно со член 14 став 1 од Деловникот на Уставниот суд, Уставниот суд може и сам да поведе постапка за оценување уставност на закон, односно уставност и законитост на пропис или друг општ акт.

Според член 27 став 1 од Деловникот на Судот, Уставниот суд може во текот на постапката, до донесувањето на конечна одлука, да донесе решение за запирање на извршувањето на поединечни акти или дејствија што се преземени врз основа на закон, друг пропис или општ акт чијашто уставност односно законитост ја оценува, доколку со неговото извршување би можеле да настанат тешко отстранливи последици.

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” број 5/2002) се уредени надлежностите на советот, а според став 1 точка 1 на наведениот член, советот е надлежен да донесува статут на општината и други прописи. Според член 62 став 1 од погоре наведениот закон, во вршењето на работите од својата надлежност советот донесува прописи, и тоа: статут, програми, планови, одлуки и други прописи утврдени со закон.

Со член 43 од Законот за локалната самоуправа се уредени правата и должностите на членовите на советот, а во таа смисла според став 2 на наведениот член, членовите имаат право на седницата на советот да даваат иницијативи и предлози и да поставуваат прашања на

градоначалникот, а според став 5 од истиот член, членовите на советот имаат и други права и должности утврдени со статутот и други прописи, во согласност со овој закон.

Според тоа, со статут и други прописи може да се утврдат и други права и должности за членовите на советот, меѓутоа, како што произлегува од член 43 став 5 од Законот, уредувањето на други права и должности, треба да биде во согласност со Законот за локалната самоуправа.

Во конкретниот случај, Судот утврди дека Советот на Општина Кочани во свој пропис – Деловникот за работата на Советот на Општина Кочани од 09.06.2006 („Службен гласник на Општина Кочани“ бр. 5/2006 ) во глава III „Права и должности на членовите на Советот “ содржи дел со наслов 3 „Покренување иницијативи и поднесување предлози” во кој е содржан член 15 став 1 алинеја 3 каде се уредува дека член на Советот има право на седниците на Советот да поднесе барање за давање на автентично толкување на прописите. Судот при одлучувањето ги имаше во предвид измените и дополнувањата на Деловникот на Советот на Општина Кочани од 20.02.2012 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.2/2012) каде меѓу другото се брише членот 5 и измените и дополнувањата на Деловникот на Советот на Општина Кочани од 30.04.2015 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр. 4/2015) и утврди дека со бришењето на член 5 кој му претходи нумерички на член 15 од Деловникот всушност истиот требало да добие нумерички број 14, но соодветното нумеричко усогласување на членовите во Деловникот не е направено од страна на Општината. Имајќи ја предвид надлежноста на Уставниот суд, од член 110 алинеи 1 и 2 од Уставот произлегува дека исправањето на технички пропусти не спаѓа во надлежност на Судот, туку во надлежност на доносителот на актот, Судот ја анализираше одредбата како што е нумерирана во основниот текст на Деловникот за работата на Советот на Општина Кочани од 09.06.2006 („Службен гласник на Општина Кочани“ бр. 5/2006) во која содржински е определено правото на членовите на Советот на седниците на Советот да поднесуваат барања за давање на автентично толкување на прописите.

Правото, коешто Советот на Општина Кочани, го пропишал за членовите на Советот во Деловникот, е поврзано со институтот „автентично толкување на прописите”. Меѓутоа, Законот за локалната самоуправа, со ниту една одредба не предвидува надлежност на совет на општина да дава автентично толкување на прописите коишто ги донесува, ниту Законот дава овластување на општините да можат во своите прописи (деловник или статут) да уредат одредби за автентично толкување на општи акти.

Органите на локалната власт можат да го употребуваат институтот автентично толкување, само ако истото е предвидено во закон, како што тоа е предвидено за законодавецот како орган на државната власт и тоа изречно во Уставот со член 68 став 1 алинеја 2, согласно кој Собранието донесува закони и дава автентично толкување на законите, додека, постапката за автентично толкување на законите е уредена со Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија” број 91/2008, 119/2010, 23/2013 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 152/2019).

Меѓутоа, за органите на локалната власт, со закон не е предвиден институтот автентично толкување на општите акти коишто ги донесуваат, така што не може во деловник или статут изворно да се уредува овој институт и процедура за истиот. Оттука, член 15 став 1 алинеја 3 од Деловникот на Советот на Општина Кочани, со кое се утврдува право на членовите на Советот на Општината да можат на седниците на Советот да поднесат барање за давање на автентично толкување на прописите, е пропишан без законски основ, со што Советот на Општина Кочани излегол надвор од своите надлежности утврдени во Законот за локалната самоуправа.

Имајќи го предвид погоре наведеното, како и имајќи ги предвид одредбите од член 51 од Уставот, според кој во Република Северна Македонија, законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон и секој е должен да ги почитува Уставот и законите, Судот оцени дека член 15 став 1 алинеја 3 од Деловникот на Советот на Општина Кочани е во спротивност со Законот за локалната самоуправа и со темелната вредност на уставниот поредок - начелото на владеење на правото, утврдена во член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, согласно кое во правниот поредок треба да егзистираат правно усогласени прописи со Уставот и со законите.

IV

Врз основа на наведеното, Судот, со мнозинство гласови, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

V

Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

У. бр. 34/2024
3 јули 2024 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Северна Македонија
д-р **Дарко Костадиновски,** с.р.

---

**2578.**

Уставниот суд на Република Северна Македонија, во состав д-р Дарко Костадиновски, претседател на Судот и судиите Насер Ајдари, м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева, д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, Елизабета Дуковска, д-р Осман Кадриу, Добрила Кацарска, д-р Ана Павловска-Данева и м-р Фатмир Скендер, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 70 и 79 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/2019, 256/2020 и 65/2021), на седницата одржана на 3 јули 2024 година, донесе

## О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА член 15 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Чашка, број 08-913/5 од 30.06.2022 година.

2. СЕ СТАВА ВОН СИЛА Решението за запирање од извршување на поединечните акти и дејствија што се преземени врз основа на член 15 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Чашка, број 08-913/5 од 30.06.2022 година.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Образложение

I

Уставниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на член 14 став 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија, по сопствена иницијатива со Решението У.бр. 53/2024 од 2 мај 2024 година поведе постапка за оценување на уставноста на членот од актот, означен во точката 1 од Одлуката, затоа што пред Судот со основ се постави прашањето за неговата согласност со Уставот на Република Северна Македонија и Законот за локалната самоуправа.

II

На седницата Судот утврди дека во член 15 алинеја 3 од Деловникот на Советот на Општина Чашка е предвидено дека член на Советот има право на седниците на Советот да поднесе барање за давање на автентично толкување на прописите.

III

Една од основните цели на Уставот на Република Северна Македонија е воспоставување на владеење на правото во системот на власта. Овој уставен принцип со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот е определен како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон, секој е должен да ги почитува Уставот и законите, согласно со член 51 од Уставот.

Според член 110 алинеја 2 од Уставот, Уставниот суд на Република Северна Македонија одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Согласно со член 14 став 1 од Деловникот на Уставниот суд, Уставниот суд може и сам да поведе постапка за оценување на уставност на закон, односно уставност и законитост на пропис или друг општ акт.

Согласно со член 27 став 1 од Деловникот на Судот, Уставниот суд може во текот на постапката, до донесувањето на конечна одлука, да донесе решение за запирање на извршувањето на поединечни акти или дејствија што се преземени врз основа на закон, друг пропис или општ акт чијашто уставност односно законитост ја оценува, доколку со неговото извршување би можеле да настанат тешко отстранливи последици.

Во конкретниот случај се оспорува уставноста и законитоста на член 15 алинеја 3 од Деловникот на Советот на Општина Чашка.

Советот на Општина Чашка донел Деловник за работа на Советот на Општина Чашка, заведен под бр.08-913/5 од 30.06.2022 година.

Деловникот за работа на Советот на Општина Чашка содржи дел со наслов 3 „Покренување иницијативи и поднесување предлози" во кој е содржан член 15 алинеја 3 каде се уредува дека член на Советот има право на седниците на Советот да поднесе барање за давање на автентично толкување на прописите.

Автентично толкување на законите дава законодавецот како орган на законодавната власт. Собранието согласно со член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот ги донесува законите и дава автентично толкување на законите, а постапката за автентично толкување на законите е уредена со Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" 91/2008, 119/2010 и 23/2013).

Според правната теорија, автентично толкување на законите значи утврдување на содржината и на вистинската смисла на веќе донесен закон, кој во примената покажува нејасност, двосмисленост или содржи празнини. Автентичното толкување е составен дел на објавениот закон.

Во конкретниот случај, оспорената одредба дава право на член на Советот на Општината да поднесе барање за давање на автентично толкување на прописите, и покрај тоа што станува збор за Совет на Општина кој претставува орган на локалната власт.

Постапувајќи по предметот оформен од Уставниот суд, Судот утврди дека Советот на Општината согласно со член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа го донел оспорениот деловник.

Законот за локалната самоуправа не содржи изречна одредба дека советите на општините можат да даваат автентично толкување на прописите коишто ги донесуваат. Имено, согласно со член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа, Советот на Општината го донесува статутот на општината и други прописи, а согласно со член 62 став 1 од Законот, во вршењето на работите од својата надлежност советот донесува прописи, и тоа: статут, програми, планови, одлуки и други прописи утврдени со закон, што значи дека Законот не содржи изречна одредба дека советите на општините можат да даваат автентично толкување на прописите коишто ги донесуваат.

При таква фактичка состојба, недвосмислено произлегува дека Советот на Општина Чашка, ги пречекорил своите законски овластувања кога го донел оспорениот деловник во кој предвидел право на член на Советот на Општината да поднесе барање за давање на автентично толкување на прописите.

Правото на давање автентично толкување на прописи е прашање коешто мора да биде предвидено во закон за да можат органите на локалната власт да го применуваат, како што тоа е уредено за законодавецот како орган на државната власт, изречно во Уставот со член 68 став 1 алинеја 2, согласно кој Собранието донесува закони и дава автентично толкување на законите. Од уставно-судската анализа произлегува дека органите на локалната власт немаат законска основа за давање автентично толкување и ваков правен институт не може да биде уреден со деловник или статут.

Поради фактот дека автентичното толкување е уредено во наведените одредби на Деловникот со што Советот на Општината ги пречекорил, односно ги надминал своите надлежности предвидени во Законот за локалната самоуправа, Судот оцени дека истите се во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија и Законот за локалната самоуправа.

IV

Врз основа на наведеното, Судот, со мнозинство гласови, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

V

Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

У. бр. 53/2024
3 јули 2024 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Северна Македонија
д-р **Дарко Костадиновски,** с.р.

**2579.**

Уставниот суд на Република Северна Македонија, во состав д-р Дарко Костадиновски, претседател на Судот и судиите Насер Ајдари, м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева, д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, Елизабета Дуковска, д-р Осман Кадриу, Добрила Кацарска, д-р Ана Павловска-Данева и м-р Фатмир Скендер, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Северна Македонија, член 14 став 1, член 70 и член 79 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/2019, 256/2020 и 65/2021), на седницата одржана на 20 јуни 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

1. СЕ УКИНУВА насловот на точка 9 „Автентично толкување на прописите" и членовите 109, 110, 111 и 112, содржани во поглавјето VIII „Постапка за донесу-

вање на прописите" од Деловникот на Советот на Општина Дебрца, објавен во „Службен гласник на Општина Дебрца" број 3/2005, 11/2014 и 6/2019.

2. СЕ СТАВА ВОН сила Решението за запирање на извршувањето на поединечните акти и дејствија што се преземени врз основа на одредбите од точка 9 „Автентично толкување на прописите" и членовите 109, 110, 111 и 112, содржани во поглавјето VIII „Постапка за донесување на прописите" од Деловникот на Советот на Општина Дебрца, објавен во „Службен гласник на Општина Дебрца" број 3/2005, 11/2014 и 6/2019.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

О б р а з л о ж е н и е

I

Уставниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на член 14 став 1 од Деловникот на Уставниот суд, по сопствена иницијатива со Решението У.бр.61/2024 од 27 март 2024 година, поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на одредбата од актот, означен во точката 1 од Одлуката, затоа што пред Судот со основ се постави прашањето за нејзината согласност со Уставот и Законот за локалната самоуправа.

II

На седницата Судот утврди дека Деловникот на Советот на Општина Дебрца содржи дел со наслов 9 „Автентично толкување на прописите" во кој се уредени членовите 109, 110, 111 и 112.

Според член 109, барање за автентично толкување на прописот може да поднесат членовите на Советот, 10% од избирачите во општината, јавно претпријатие кое извршува дејност на подрачјето на општината и државните органи кога потребата од автентично толкување настанала во врска со примената на прописите во нивното работење.

Во член 110 е уредено дека барањето за давање на автентично толкување на прописот се поднесува до претседателот на Советот, кој веднаш барањето го доставува до Комисијата за статут и прописи.

Според член 111, Комисијата за статут и прописи по барањето за автентично толкување има право да побара мислење од комисиите на Советот и општинската администрација.

Согласно член 112, ако Комисијата за статут и прописи оцени дека барањето за давање на автентично толкување е оправдано ќе изготви предлог на автентично толкување и ќе го достави до советот на општината, а доколку оцени дека барањето за давање на автентично толкување не е оправдано, ќе поднесе извештај до Советот кој одлучува по барањето и поднесениот извештај.

III

Според член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, владеењето на правото е темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Со член 51 од Уставот, е утврдено дека во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Според член 110 алинеја 2 од Уставот, Уставниот суд на Република Северна Македонија одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Согласно со член 14 став 1 од Деловникот на Уставниот суд, Уставниот суд може и сам да поведе постапка за оценување уставност на закон, односно уставност и законитост на пропис или друг општ акт.

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 5/2002) се уредени надлежностите на советот, а според став 1 точка 1 на наведениот член, советот е надлежен да донесува статут на општината и други прописи.

Според член 62 став 1 од погоре наведениот закон, во вршењето на работите од својата надлежност советот донесува прописи, и тоа: статут, програми, планови, одлуки и други прописи утврдени со закон.

Со член 43 од Законот за локалната самоуправа се уредени правата и должностите на членовите на советот, а во таа смисла според став 2 на наведениот член, членовите имаат право на седницата на советот да даваат иницијативи и предлози и да поставуваат прашања на градоначалникот, а според став 5 од истиот член, членовите на советот имаат и други права и должности утврдени со статутот и други прописи, во согласност со овој закон.

Според тоа, со статут и други прописи може да се утврдат и други права и должности за членовите на советот, меѓутоа, како што произлегува од член 43 став 5 од Законот, уредувањето на други права и должности, треба да биде во согласност со Законот за локалната самоуправа.

Во конкретниот случај, Судот утврди дека Советот на Општина Дебрца во свој пропис - Деловникот на Советот на Општина Дебрца, во поглавјето VIII „Постапка за донесување на прописите", уредил точка 9 „Автентично толкување на прописите", во која ги пропишал членовите 109, 110, 111 и 112, со кои се уредува постапката за давање на автентично толкување на прописите.

Согласно со погоре цитираните законски одредби, неспорно е дека совет на општина е надлежен да донесува статут и други прописи. Меѓутоа, Законот со ниту една одредба не предвидува надлежност на совет на општина да дава автентично толкување на прописите коишто ги донесува, ниту Законот дава овластување на општините да можат, во своите прописи (деловник или статут), да уредат одредби за автентично толкување на општи акти, со што одредбите коишто Советот на Општина Дебрца ги пропишал во Деловникот на Советот на Општина Дебрца, се без законски основ, а со тоа, Советот ги надминал и своите надлежности предвидени во Законот за локалната самоуправа.

Институтот автентично толкување, мора да биде предвиден во закон за да можат органите на локалната власт да го употребуваат, како што тоа е уредено за законодавецот како орган на државната власт и тоа изречно во Уставот со член 68 став 1 алинеја 2, согласно кој Собранието донесува закони и дава автентично толкување на законите, при што, постапката за автентично толкување на законите е уредена со Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија. Во конкретниот случај, законска основа за овој институт нема за органите на локалната власт, па оттука, не може во деловник или статут изворно да се уредува овој институт и процедура за истиот.

Имајќи ги предвид одредбите од член 51 од Уставот според кои во Република Северна Македонија, законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон и секој е должен да ги почитува Уставот и законите, Судот со основ изрази сомнеж за согласноста на насловот на точка 9 „Автентично толкување на прописите" и членовите 109, 110, 111 и 112, содржани во поглавјето VIII „Постапка за донесување на прописите" од Деловникот на Советот на Општина Дебрца со Законот за локалната самоуправа, а со тоа, со основ се постави прашањето и за неговата согласност со темелната вредност на уставниот поредок - начелото на владеење на правото од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, согласно кое во правниот поредок треба да егзистираат правно усогласени прописи со Уставот и со законите.

IV

Врз основа на наведеното, Судот, со мнозинство гласови, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

V

Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

У. бр. 61/2024
20 јуни 2024 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Северна Македонија,
д-р **Дарко Костадиновски,** с.р.

**2580.**

Уставниот суд на Република Северна Македонија, во состав д-р Дарко Костадиновски, претседател на Судот и судиите Насер Ајдари, м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева, д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, Елизабета Дуковска, д-р Осман Кадриу, Добрила Кацарска, д-р Ана Павловска-Данева и м-р Фатмир Скендер, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 70 и 79 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/2019, 256/2020 и 65/2021), на седницата одржана на 3 јули 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

1. СЕ УКИНУВА член 15 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Ново Село.

2. СЕ СТАВА ВОН СИЛА Решението за запирање од извршување на поединечните акти и дејствија што се преземени врз основа на член 15 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Ново Село.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Образложение

I

Уставниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на член 14 став 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија, по сопствена иницијатива со Решението У.бр. 67/2024 од 9 мај 2024 година поведе постапка за оценување на уставноста на членот од актот, означен во точката 1 од Одлуката, затоа што пред Судот со основ се постави прашањето за неговата согласност со Уставот на Република Северна Македонија и Законот за локалната самоуправа.

II

На седницата Судот утврди дека во член 15 алинеја 3 од Деловникот на Советот на Општина Ново Село е предвидено дека член на Советот има право на седниците на Советот да поднесе барање за давање на автентично толкување на прописите.

III

Една од основните цели на Уставот на Република Северна Македонија е воспоставување на владеење на правото во системот на власта. Овој уставен принцип со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот е определен како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон, секој е должен да ги почитува Уставот и законите, согласно со член 51 од Уставот.

Според член 110 алинеја 2 од Уставот, Уставниот суд на Република Северна Македонија одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Согласно со член 14 став 1 од Деловникот на Уставниот суд, Уставниот суд може и сам да поведе постапка за оценување уставност на закон, односно уставност и законитост на пропис или друг општ акт.

Согласно со член 27 став 1 од Деловникот на Судот, Уставниот суд може во текот на постапката, до донесувањето на конечна одлука, да донесе решение за запирање на извршувањето на поединечни акти или дејствија што се преземени врз основа на закон, друг пропис или општ акт чијашто уставност односно законитост ја оценува, доколку со неговото извршување би можеле да настанат тешко отстранливи последици.

Во конкретниот случај се оспорува уставноста и законитоста на член 15 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Ново Село.

Советот на Општина Ново Село, повикувајќи се на член 3 став 3 од Статутот на Општина Ново Село („Службен гласник на Општина Ново Село” број 16/2006), на седницата одржана на 16.08.2006 година го донел Деловникот на Советот на Општина Ново Село.

Деовникот на Советот на Општина Ново Село содржи дел со наслов 3 „Покренување иницијативи и поднесување предлози” во кој е содржан член 15 алинеја 3 каде се уредува дека член на Советот има право на седниците на Советот да поднесе барање за давање на автентичнотолкување на прописите.

Автентично толкување на законите дава законодавецот како орган на законодавната власт. Собранието согласно со член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот ги донесува законите и дава автентично толкување на законите, а постапката за автентично толкување на законите е уредена со Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија” 91/2008, 119/2010 и 23/2013).

Според правната теорија, автентично толкување на законите значи утврдување на содржината и на вистинската смисла на веќе донесен закон, кој во примената покажува нејасност, двосмисленост или содржи празнини. Автентичното толкување е составен дел на објавениот закон.

Во конкретниот случај, оспорената одредба дава право на член на Советот на Општината да поднесе барање за давање на автентично толкување на прописите, и покрај тоа што станува збор за Совет на Општина кој претставува орган на локалната власт.

Постапувајќи во конкретниот предмет, Судот утврди дека Советот на Општината согласно со член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа го донел оспорениот деловник.

Законот за локалната самоуправа не содржи изречна одредба дека советите на општините можат да даваат автентично толкување на прописите коишто ги донесуваат. Имено, согласно со член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа, советот на општината го донесува статутот на општината и други прописи, а согласно со член 62 став 1 од Законот, во вршењето на работите од својата надлежност советот донесува прописи, и тоа: статут, програми, планови, одлуки и други прописи утврдени со закон, што значи дека Законот не содржи изречна одредба дека советите на општините можат да даваат автентично толкување на прописите коишто ги донесуваат.

При таква фактичка состојба, недвосмислено произлегува дека Советот на Општина Ново Село, ги пречекорил своите законски овластувања кога го донел оспорениот деловник во кој предвидел право на член на Советот на Општината да поднесе барање за давање на автентично толкување на прописите.

Правото на давање автентично толкување на прописи е прашање коешто мора да биде предвидено во закон за да можат органите на локалната власт да го применуваат, како што тоа е уредено за законодавецот како орган на државната власт, изречно во Уставот со член 68 став 1 алинеја 2, согласно кој Собранието донесува закони и дава автентично толкување на законите. Од уставно-судската анализа произлегува дека органите на локалната власт немаат законска основа за давање автентично толкување и ваков правен институт не може да биде уреден со деловник или статут.

Поради фактот дека автентичното толкување е уредено во наведените одредби на Деловникот со што Советот на Општината ги пречекорил, односно ги надминал своите надлежности предвидени во Законот за локалната самоуправа, Судот оцени дека истите се во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија и Законот за локалната самоуправа.

IV

Врз основа на наведеното, Судот, со мнозинство гласови, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

V

Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

У. бр. 67/2024
3 јули 2024 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Северна Македонија
д-р **Дарко Костадиновски,** с.р.

**2581.**

Уставниот суд на Република Северна Македонија, во состав д-р Дарко Костадиновски, претседател на Судот и судиите Насер Ајдари, м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева, д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, Елизабета Дуковска, д-р Осман Кадриу, Добрила Кацарска, д-р Ана Павловска-Данева и м-р Фатмир Скендер, врз основа на член 110 од Уставот на Република Северна Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија” број 70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 202/2019, 256/2020 и 65/2021), на седницата одржана на 20 јуни 2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 2 став 2 алинеја 6 од Правилникот за постапката за доставување и регистрирање на колективните договори и нивните измени до надлежниот државен орган и начинот на водење на евиденцијата на доставените колективни договори и нивните измени („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.223/2022).

2. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста за целината на Правилникот означен во точката 2 од предлогот, како и за уставноста и законитоста на оспорените членови 1 и 4 од истиот правилник.

3. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Образложение

I

До Уставниот суд на Република Северна Македонија, од страна на Николче Мушаревски од Скопје и Независниот сидикат на одбраната, застапуван од претседателот, Ванчо Исајов, беа поднесени две иницијативи за оценување на уставноста на Правилникот за постапката за доставување и регистрирање на колективните договори и нивните измени до надлежниот државен орган и начинот на водење на евиденцијата на доставените колективни договори и нивните измени („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.223/2022) во целина, како и за уставноста и законитоста на член 1, член 2 став 2 алинеја 6 и член 4 од истиот правилник. По повод поднесените иницијативи, Судот спроведе единствена постапка согласно со член 21 од Деловникот.

Според наводите содржани во иницијативите, оспорените одредби од Правилникот не се во согласност со член 8 став 1 алинеја 3, член 51, член 110 алинеја 2 од Уставот, како и со член 203 и член 231 ставови 1 и 3 од Законот за работните односи, но и со член 61 од Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Во поглед на оспорениот член 1, се наведува дека со оваа одредба од Правилникот е предвидена обврска за регистрација на сите колективни договори во надлежното Министерство за труд и социјална политика, без притоа да се прецизира дали обврската се однесува за секој општ, грански или колективен договор на ниво на работодавач. Во смисла на ова, цитирана е содржината на член 203 од Законот за работните односи, каде се дефинирани трите вида на колективни договори.

Во истиот контекст, се додава дека во член 231 став 1 од овој закон, јасно е пропишано дека само општите колективни договори и гранските колективни договори подлежат на обврска за регистрација во министерството надлежно за работите од областа на трудот, додека, пак, за колективните договори на ниво на работодавач, не е предвидена ваква обврска, туку само обврска за известување дека е склучен колективниот договор. Според наведеното, се заклучува дека неспорно од видот на колективниот договор зависи дали еден колективен договор треба да подлежи на регистрација кај надлежното министерство.

Следно, во иницијативите се нагласува дека во предметниот правилник, во оспорениот член 2 став 2 алинеја 6 е пропишана обврска за Министерството за финансии да даде согласност на колективните договори од јавниот сектор, доколку со нив се предвидени фискални импликации на државниот буџет. Ваквата формулација, се наведува дека е спротивна на член 61 од Законот за организација и работа на органите на државната управа од причина што не може со правилник донесен од едно ресорно министерство да се пропишуваат надлежности и задолженија за друго министерство.

Во поглед на оспорениот член 4 од Правилникот се наведува дека неуставноста на оваа одредба произлегува од член 110 алинеја 2 од Уставот каде е предвидено дека единствено Уставниот суд е надлежен да ја оценува законитоста на колективните договори. Се подвлекува дека ваква надлежност не може да биде пропишана за друг орган на државната управа, како во случајот за Министерството за труд и социјална политика.

Дополнително, од страна на подносителите се бара и по сопствена иницијатива оценување на уставноста и законитоста на Правилникот во целина, како и негово укинување или поништување. Ова од причина што повикувајќи се на принципот на правна сигурност кој произлегува од владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок на државата, подносителите заклучуваат дека од суштествена важност е правниот поредок да содржи применливи норми, кои не создаваат забуни. Според подносителите, неуставноста и незаконитоста на предметниот правилник се провлекува во скоро сите или во најголем дел од одредбите, истиот не може да егзистира и да произведува правно дејство, без притоа да создава заблуди со опстојување на сосем мал дел од неговите одредби или делови од одредби, кои според нив, уставно и законски не се проблематични.

Освен претходно наведеното, во иницијативата поднесена од Николче Мушаревски, подносителот ја цитира содржината и на член 8 став 1 алинеја 1 од Уставот, како и членовите 11 и 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа.

II

На седницата Судот утврди дека основ за донесување на предметниот Правилник е член 231 став 4 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/2023).

Во член 1 е определено дека со истиот се пропишува постапката за доставување и регистрирање на колективните договори и нивните измени до надлежниот државен орган (во понатамошниот текст: Министерство) и начинот на водење на евиденцијата на доставените колективни договори и нивните измени (во понатамошниот текст: колективни договори) во министерството надлежно за работите од областа на трудот, согласно став 1. Во ставот 2 е предвидено дека измена на колективен договор во смисла на овој правилник, се смета секоја промена, дополнување, откажување, пристапување, одлука за проширено дејство, одлука за исклучување од примената, како и спогодба за продолжување на рокот на неговото важење.

Согласно со член 2 став 1, барање за регистрирање на колективен договор се доставува од страната која прва е наведена во колективниот договор, односно страната која го откажува колективниот договор (во понатамошниот текст: подносител до Министерството, заради упис во регистарот на колективните договори (во понатамошниот текст: регистар), најдоцна осум дена по склучувањето на колективниот договор, односно изменувањето на колективниот договор. Со ставот 2 од овој член се утврдува дека кон барањето се приложуваат следните докази: два примероци од колективниот договор (оригинал или заверена копија на нотар), во печатена форма, колективниот договор во електронска форма, список на работодавачи на кои се однесува колективниот договор и бројот на вработени кај истиот, овластување на претставниците на синдикатите и здруженијата на работодавачите кои го склучуваат колективниот договор, дадено од нивните органи, за потпишување на колективниот договор, овластување за потпишување на колективниот договор од јавниот сектор од основачот или органот кој тој го овластил и согласност од Министерството за финансии за колективните договори од јавниот сектор, кога со договорот се предвидуваат фискални импликации за Буџетот на Република Северна Македонија.

Со член 3 е пропишано дека ако барањето за регистрација на колективниот договор не е доставено во согласност со член 2 од овој правилник, односно ако колективниот договор не го склучиле учесници предвидени со закон или ако колективниот договор содржи недостатоци од формално-правна природа, Министерството ќе побара од подносителот на барањето да ги отстрани недостатоците најдоцна 15 дена од доставувањето на известувањето за утврдените недостатоци, согласно став 1. Според ставот 2, ако подносителот на барањето не ги отстрани недостатоците навремено, Министерството со решение ќе го одбие барањето за упис во регистарот.

Ако Министерството утврди дека поединечни одредби од колективниот договор се спротивни на закон, ќе побара од подносителот да го усогласи колективниот договор со закон, најдоцна 15 дена од приемот на известувањето за неусогласеност на колективниот договор, согласно член 4 став 1. Ако подносителот на барањето во рокот утврден од ставот 1 на овој член не го усогласи колективниот договор со закон, Министерството со решение ќе го одбие барањето за упис во регистарот, согласно ставот 2 од истиот член.

Судот, исто така, утврди дека во член 5 од Правилникот е определено дека при регистрирањето кое се води како јавна и електронска база на податоци се впишуваат следните податоци: 1. реден број на уписот, 2. назив на колективниот договор, 3. измени на колективниот договор, 4. страни на колективниот договор, 5. нивото на кое е склучен колективниот договор, 6. датум на склучување на колективниот договор, 7. време на склучување на колективниот договор, 8. број и датум на решение за упис на колективниот договор во регистарот и 9. назив на работодавачи кои ги обврзува колективниот договор и бројот на вработени на кои се применува колективниот договор.

Согласно член 6, за упис во Регистарот од членот 2 од овој правилник, од страна на министерот надлежен за работите од областа на трудот се донесува решение.

За секој колективен договор, покрај уписот во регистарот од страна на Министерството, се води евиденција во која, покрај документацијата од член 2 став 2 од овој правилник, се содржани еден примерок од колективниот договор, односно примерок од измената на колективниот договор, како и решение за упис во регистарот, службени белешки и друга документација, според член 7.

Судот утврди дека член 8 е завршна одредба во која е определено дека овој правилник влегува во сила осум дена од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

III

Владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска се темелни вредности на уставниот поредок на државата, согласно член 8 став 1 алинеи 3 и 4 од Уставот на Република Северна Македонија.

Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори, согласно уредувањето содржано во одредбата од член 32 став 5 од Уставот.

Согласно член 51 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Органите на државната управа работите од својата надлежност ги вршат самостојно врз основа и во рамките на Уставот и законите и за својата работа се одговорни на Владата, согласно член 96 од Уставот.

Уставниот суд одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите, што произлегува од член 110 алинеја 2 од Уставот.

Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 149/2009-исправка, 50/2010; 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016, 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/2019, 267/2020, 151/2021, 288/2021 и 111/2023), во член 1 став 1 определува дека со овој закон се уредуваат работните односи меѓу работниците и работодавачите кои се воспоставуваат со склучување на договор за вработување. Согласно ставот 2 од овој член од Законот, работниот однос се уредува со овој и со друг закон, колективен договор и договорот за вработување.

Прашањата коишто се однесуваат на колективните договори се уредени во главата XIX од Законот за работните односи (членови 203-235). Притоа, Законот предвидува три вида на колективни договори, и тоа: колективен договор се склучува како општ на ниво на Република, посебен на ниво на гранка, односно оддел, согласно со Националната класификација на дејности и поединечен на ниво на работодавач, што произлегува од уредувањето содржано во член 203.

Со член 231 од Законот е утврдена обврската за доставување за регистрација на колективните договори до министерството надлежно за работите од областа на трудот. Во став 1 од овој член од Законот е определено дека секој општ и грански колективен договор и секоја измена (изменување, дополнување, откажување или пристапување) на колективниот договор пред нивното објавување мора да се достави за регистрација до министерството надлежно за работите од областа на трудот. Согласно ставот 2, колективниот договор или измената на колективниот договор ја доставува до надлежниот орган страната која е прва наведена во тој договор, односно страната која го откажува колективниот договор. Во ставот 3 од истиот член се предвидува дека известување за склучување на колективен договор на ниво на работодавач и времето за кое е склучен се доставува до министерството надлежно за работите од областа на трудот, во рок од 8 дена од неговото склучување. Според ставот 4 од овој член, министерот надлежен за работите од областа на трудот, ја пропишува постапката за доставување и регистрирање на колективните договори и нивните измени до надлежниот државен орган и начинот на водење на евиденцијата на доставените колективни договори и нивните измени.

Владеењето на правото како темелна вредност утврдена во член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот и принципот на правна сигурност кој произлегува од оваа темелна вредност, подразбира законите да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Устав и закон. Освен тоа, согласно овој уставен принцип, во правниот поредок треба да бидат нормирани јасни и прецизни правила, со цел да се обезбеди усогласеност и конзистентност во уставноправниот поредок. Член 51 од Уставот е клучната уставна одредба во утврдувањето на уставноста и законитоста како правни принципи. Начелата на уставност и законитост се неделиво поврзани и произлегуваат од положбата на Уставот како највисок правен акт во хиерархијата на правните акти. Оваа темелна вредност и правната сигурност како начело коешто произлегува од истата значи дека остварувањето на правата од работен однос од член 32 од Уставот треба да биде уредено со закон којшто е во согласност со Уставот, како и колективни договори, коишто се во согласнот со законот и Уставот. Притоа, Уставот само го воведува уставно-правниот институт - право на колективно преговарање и склучување на колективни договори, додека Законот за работните односи како lex generalis го разработува истиот, преку конкретни одредби содржани во главата XIX. Натамошната операционализација, пак, на одредбите содржани во овој закон се прави со подзаконски акти коишто подлежат на законитоста и уставноста како правни принципи - мора да имаат основ и да бидат во согласност со закон, истовремено мора да бидат во согласност и со Уставот.

Во конкретниот случај, наводот на подносителите, според кој оспорениот Правилник за постапката за доставување и регистрирање на колективните договори и нивните измени до надлежниот државен орган и начинот на водење на евиденцијата на доставените колективни договори и нивните измени („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.223/2022), во целина, не е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, Судот ги оцени како неосновани од следните причини:

Правилникот е донесен од страна на министерот за труд и социјална политика, заведен со архивски бр. 08-7127/1 од 13 октомври 2022 година, врз основа на законското овластување од член 231 став 4 од Законот за работните односи.

Од анализата на Правилникот во целина, произлегува дека целта заради која истиот е донесен, е поблиску да се пропише постапката за регистрација и начинот на водењето на евиденцијата на колективните договори од страна на Министерството за труд и социјална политика што како обврска произлегува од член 231 став 1 од Законот за работните односи. Во овој член од Законот, во ставот 4 е определено дека министерот надлежен за работите од областа на трудот, ја пропишува постапката за доставување и регистрирање на колективните договори и нивните измени до надлежниот државен орган и начинот на водење на евиденцијата на доставените колективни договори и нивните измени. Од наведеното неспорно произлегува дека законодавецот препуштил со подзаконски акт, министерот за труд и социјална политика да ги уреди овие прашања, поради што Судот оцени дека не може да се доведе во прашање уставноста на целината на Правилникот од аспект на темелната вредност - владеење на правото од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, односно принципот на правна сигурност кој произлегува од оваа темелна вредност.

Во поглед на оспорениот член 1 од Правилникот, од содржината на одредбата произлегува дека со истата се утврдува што е предмет на уредување на овој подзаконски акт, односно генерално уредува дека со Правилникот се пропишува постапката за доставување и регистрирање на колективните договори и нивните измени, без притоа да биде прецизирано за кој колективен договор се однесува пропишаната постапка, на начин како што тоа е утврдено во член 231 став 1 од Законот за работните односи. Но, и покрај овој факт, Судот констатираше дека содржината на оспорената одредба не имплицира на основ за нејзино проблематизирање од аспект на законските и уставните одредби наведени во иницијативите.

Имено, обврската за доставување на колективните договори, како и секоја нивна измена, до Министерството за труд и социјална политика произлегува токму од член 231 став 1 од Законот за работните односи, каде што изречно е наведено дека истата се однесува за секој општ и грански колективен договор. Оттука, предметниот Правилник всушност е во функција на операционализација на член 231 од Законот за работните односи и не може да се разгледува изолирано без да се има предвид оваа законска одредба. Според тоа, и одредбата содржана во член 1 од Правилникот треба да се толкува во корелација со оваа законска норма на начин што пропишаната постапка за доставување и регистрирање на колективните договори и нивните измени се однесува на секој општ и грански колективен договор. Што се однесува до третиот вид колективен договор - колективен договор на ниво на работодавач, согласно со уредувањето содржано во ставот 3 од член 231 од Законот за работните односи, за истиот произлегува само обврска за доставување известување за неговото склучување и времето за кое е склучен до министерството надлежно за работите од областа на трудот. Ова всушност значи само информирање за неговото склучување, но не и започнување постапка за регистрација.

Согласно со наведеното, Судот оцени дека оспорената одредба од член 1 од Правилникот не може да се доведе под законско сомнение од аспект на членовите 203 и 231 ставови 1 и 3 од Законот за работните односи, а истовремено не може да се доведе и под уставно сомнение од аспект на член 8 став 1 алинеја 3, како и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија бидејќи не го доведува во прашање принципот на правна сигурност кој е гарантиран со темелната вредност - владеење на правото.

Со иницијативите се наведува дека уредувањето во оспорениот член 2 став 2 алинеја 6 од Правилникот, е спротивно на член 61 од Законот за организација и работа на органите на државната управа од причина што не може со правилник донесен од едно ресорно министерство да се пропишуваат надлежности и задолженија за друго министерство.

Член 61 став 1 од од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/2019, 110/2019 и 121/2024), меѓу другото, определува дека со актите кои ги донесува министерот не може да се пропишува надлежност на други органи.

Од содржината на оспорениот член 2 став 2 алинеја 6 од Правилникот каде е предвидена „согласност од Министерството за финансии за колективните договори од јавниот сектор, кога со договорот се предвидуваат фискални импликации за Буџетот на Република Северна Македонија“, произлегува дека министерот за труд и социјална политика, уредувајќи ја постапката за регистрирање на колективните договори и нивните измени, предвидувајќи ваков доказ кој треба да се приложи кон барањето за регистрирање на колективните договори, изворно пропишал нов услов за регистрација на колективните договори, кој не е предвиден во закон.

Во член 231 од Законот за работните односи, врз основа на кој е донесен предметниот правилник, законодавецот децидно ја уредил обврската за доставување и регистрација на колективните договори до министерството за труд и социјална политика, пред нивното јавно објавување. Токму во таа насока е донесувањето на предметниот правилник кој треба да биде во функција на разработка на наведената законска норма, заради нејзино извршување, согласно дефиницијата за овој вид подзаконски акт, утврдена во член 56 став 1 од наведениот Закон за организација и работа на органите на државната управа.

Во истиот контекст, Судот имаше предвид дека регулативата со која се уредуваат прашања за изработување, донесување и извршување на Буџетот на Република Северна Македонија познава одреден вид согласност во случај на преземање дејствија што резултираат со фискални импликации за буџетот на државата. Таков е примерот со член 67 од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/2022), кој предвидува дека буџетските корисници на Буџетот на државата поднесуваат барање за согласност за вработување и можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места, да вработуваат работници на определено време и да склучуваат договори за отстапување на работник за привремени вработувања за вршење на привремени работи, само под услов ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на државата и ако се планирани во планот за пополнување на работни места во текот на фискалната година. Меѓутоа, јасно произлегува дека овој вид согласности во надлежност на Министерството за финансии треба да бидат предвидени со закон.

Имајќи го предвид наведеното, министерот за труд и социјална политика, впуштајќи се во операционализација на одредбите од Законот за работните односи во однос на постапката за регистрација на колективните договори, ги пречекорил своите надлежности и се ставил во улога на законодавец, што претставува повреда на принципот за поделба на државната власт на законодавна, извршна и судска, утврден во член 8 став 1 алинеја 4 од Уставот, а со тоа и на темелната вредност на уставниот поредок, предвидена во член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот - владеењето на правото и начелото на правна сигурност на граѓаните како нејзин составен дел. Ова од причина што овој начин на утврдување надлежности на други органи во правилник, надвор од законските рамки, значи и нарушување на хиерархиската поставеност на правните акти во уставноправниот поредок, односно нарушување на меѓусебната усогласеност на пониските и повисоките нормативни акти.

При одлучувањето Судот го имаше предвид и вториот аспект каде се постави прашањето дали со оспорената одредба од член 2 став 2 алинеја 6 од Правилникот се ограничува уставноправниот институт утврден во член 32 став 5 од Уставот - правото на колективно преговарање и склучување на колективни договори, како облик на регулирање на работните односи.

Од одредбата содржана во член 206 став 1 од Законот за работните односи во која е определено дека „со колективните договори се уредуваат правата и обврските на договорните страни кои го склучиле тој договор, а може да содржи и правни правила со кои се уредува склучувањето, содржината и престанокот на работните односи и други прашања од работните, односи или во врска со работните односи“, произлегува дека предмет на колективните преговори можат да бидат сите прашања од работен однос, без ограничување. Во оваа насока, Законот за работните односи не содржи експлицитни негативни одредби кои би ограничиле или би исклучиле некои прашања да бидат предмет на преговори.

Сепак, анализата на целината на Законот упатува на заклучок дека тоа што нема директни ограничувања не значи дека има целосна нормативна слобода за обемот на содржината на колективните преговори. Напротив, Законот за работните односи содржи одреден број на одредби кои индиректно го ограничуваат обемот и содржината на колективните преговори. Таков е примерот со член 137 кој предвидува дека годишниот одмор може да трае најдолго до 26 работни дена или член 146 кој предвидува дека деновите на платен одмор не можат да изнесуваат повеќе од седум работни дена и други слични одредби. Овие одредби од Законот за работните односи го ограничуваат правото на поинакво уредување на овие права, а колективното преговарање по овие прашања го сведуваат само во насока и смисла на разработување на веќе законски утврденото право. Но, ваквите ограничувања единствено можат да бидат уредени во овој или друг закон (Закон за вработените во јавниот сектор, Закон за административни службеници, Закон за јавнообвинителска служба, Закон за судска служба итн.) со кој се уредуваат прашања од работниот однос.

Оттука, имајќи предвид дека законодавецот во наведената одредба од член 206 став 1 од Законот за работните односи определува дека предмет на колективните преговори можат да бидат сите прашања од работен однос, без ограничување, уредувањето содржано во оспорената одредба од член 2 став 2 алинеја 6 од Правилникот, Судот оцени дека претставува пример на индиректно ограничување на содржината на колективното преговарање и колективните договори од јавниот сектор во однос на утврдени права на засегнатите работници, а коишто би предизвикале фискални импликации за буџетот на државата. Според Судот, особено треба да се има предвид фактот дека во фазата на нивната регистрација, колективните договори веќе имаат утврдена содржина како резултат на интензивен процес на преговарање. Воведувањето на овој услов и неговото евентуално неисполнување ќе оневозможи регистрација на колективните договори, а соодветно на тоа, ќе оневозможи и јавно објавување на истите. Следствено, тоа што го договориле субјектите учесници во процесот на преговарање и кои го склучиле колективниот договор, не може да произведе правно дејство, што резултира со суспендирање на колективниот договор и преговарањето како легитимен правен инструмент за уредување на прашањата од работен однос на вработените во јавниот сектор, утврден во член 32 став 5 од Уставот.

Се разбира, Судот го имаше предвид и фактот дека дефинирањето на содржината на колективните договори, односно кои решенија ќе се прифатат за одредени прашања зависи и од низа објективни општествени услови, а пред сè, економските. Така, доколку се преговара за платите или за други видови права кои предизвикуваат фискални импликации, ограничувањето на правото на колективно преговарање и склучување на колективни договори може да биде дозволено. Меѓутоа, ваквото ограничување треба да биде уредено во Законот за работните односи или друг закон со кој се уредуваат прашања од работниот однос и единствено во таков случај правната рамка ќе го гарантира колективното договарање во смисла и на начин којшто е утврден во Уставот.

Судот ги имаше предвид и општите стандарди на постапката на колективното преговарање во меѓународни рамки, утврдени од страна на Меѓународната организација на трудот со донесување голем број конвенции и препораки. Така, во член 4 од Конвенцијата бр. 98 за примена на начелата на правото на организирање и колективно договарање, усвоена на 01.07.1949 година, се поставуваат два суштински елементи: дејствување на јавните власти со цел унапредување на колективното договарање и истото мора да биде слободно и доброволно и да ги почитува начелата на автономија на страните. Во смисла на ограничувањето на правото на колективното договарање, Меѓународната организација на трудот нагласува дека „едно од главните ограничувања на начелото на слободно и доброволно колективно договарање се состои во обврската за поднесување на колективните договори на одобрување од властите (особено до органите надлежни за администрацијата и за буџетот)". Се подвлекува дека „таквите одредби се во сообразност со Конвенцијата бр.98 само ако се ограничени на тоа дека согласноста може да не биде дадена ако договорот има процедурален недостаток или не ги исполнува минималните стандарди утврдени во општото трудово законодавство". Но, се заклучува дека „ако законодавството им дава на јавните органи целосно дискреционо право да не дадат согласност или ако согласноста се заснова врз критериуми како усогласеност со општата или економската политика на владата или официјални директиви за плати и услови за вработување, тогаш се смета дека стапувањето на договорот во сила зависи од претходна согласност, што е спротивно на начелото на автономност на страните".

Што се однесува до ограничувањето на содржината на идни колективни договори, Меѓународната организација на трудот нагласува дека ваквите ограничувања, особено во однос на платите, наметнати од властите поради економска стабилизација или неопходни политики за структурно приспособување, се дозволени само ако биле предмет на претходна консултација со организациите на работниците и на работодавачите и ако ги исполнуваат следните услови: да се применуваат како вонредна мерка, да бидат ограничени на неопходниот обем, да не надминуваат разумен период и да бидат придружени со мерки за делотворна заштита на животниот стандард на засегнатите работници, особено на оние што веројатно ќе бидат најсилно погодени.

Оттука, предвидувањето на дополнителниот услов за регистрирање на колективните договори од јавниот сектор со оспорениот член 2 став 2 алинеја 6 од Правилникот, кој нема ниту уставен, ниту законски основ, Судот оцени дека претставува ограничување на правото на колективното преговарање и склучување на колективните договори со ограничување на нивната содржина, а преку целосно дискреционо право на Министерството за финансии да не даде согласност за колективните договори од јавниот сектор кога со договорот се предвидуваат фискални импликации за Буџетот на државата, што не е во согласност ниту со општите меѓународни стандарди на колективното договарање.

Имајќи го предвид наведеното, Судот констатираше дека оспорениот член 2 став 2 алинеја 6 од Правилникот може да се доведе под сомнение во однос на член 61 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, како и во однос на владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска од член 8 став 1 алинеи 3 и 4 од Уставот, но и во однос на член 32 став 5 и член 51 од Уставот.

Со иницијативите се оспорува и член 4 од Правилникот со наводи дека Министерството за труд и социјална политика си пропишало надлежност за оценување на законитоста на колективните договори, за која, согласно член 110 алинеја 2 од Уставот, исклучиво надлежен е Уставниот суд. Судот ги оцени како неосновани овие наводи од иницијативите поради следното:

Уставната норма од член 51 став 2 од Уставот во која е определено дека „секој е должен да ги почитува Уставот и законите", гледана низ призмата на правото на колективно преговарање и склучување на колективни договори, подразбира дека субјектите на колективното преговарање се должни при процесот на преговарање и дефинирање на содржината на колективните договори да постапуваат во согласност со Уставот и законите.

Уставното начело од член 96 од Уставот ги обврзува органите на државната управа работите од својата надлежност да ги вршат во рамки на Уставот и законите. Операционализирајќи ја оваа уставна норма, со донесување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, законодавецот ги утврдил надлежностите на органите на државната управа и принципите на кои тие се должни да се придржуваат во вршењето на истите.

Во конкретниот случај, уредувањето содржано во оспорениот член 4 од Правилникот не значи дека станува збор за новопропишана надлежност на Министерството за труд и социјална политика, изворно уредена во подзаконски акт, туку исполнување на уставната обврска, работите од својата надлежност, Министерството да ги извршува во рамки на Уставот и законите. Определбата на уставотворецот со член 110 алинеја 2, Уставниот суд да одлучува за согласноста на колективните договори со Уставот и законите, не ја исклучува ниту должноста од член 96 од Уставот, за уставно и законско постапување на органите на државната управа во извршувањето на својата надлежност, односно доследно почитување на начелото на уставноста и законитоста при извршувањето на уставно и законски утврдените обврски. Оттука, оспорениот член 4 од Правилникот, во кој е определено дека доколку Министерството за труд и социјална политика утврди дека поединечни одредби од колективниот договор се спротивни на закон, ќе побара негово усогласување, според Судот, е во согласност со уставната должност на Министерството, утврдена во член 96 од Уставот и не може да се толкува во смисла на навлегување во надлежностите на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

Конечно, и начелото на законитост кое подразбира сите субјекти во правниот поредок да постапуваат во рамките на законот, ги обврзува и субјектите кои учествуваат во преговарањето и меѓу кои се склучува колективниот договор да внимаваат при дефинирањето на содржината на колективните договори, нормите кои ќе ги утврдат, да бидат во согласност со закон, што, исто така, е во функција на обезбедување на правната сигурност како елемент на владеењето на правото од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.

Со оглед на наведеното, Судот оцени дека оспорениот член 4 од Правилникот не може да се доведе под сомнение во однос на член 61 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, како и во однос на владеењето на правото од член 8 став 1 алинеја 3, член 51 и член 110 алинеја 2 од Уставот.

IV

Врз основа на наведеното, Судот, со мнозинство гласови, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

У. бр. 69/2023 и 70/2023
20 јуни 2024 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Северна Македонија
д-р **Дарко Костадиновски,** с.р.

---

**2582.**

Уставниот суд на Република Северна Македонија, во состав, д-р Дарко Костадиновски претседател на Судот и судиите Насер Ајдари, м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева, д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, Елизабета Дуковска, д-р Осман Кадриу, Добрила Кацарска, д-р Ана Павловска-Данева и м-р Фатмир Скендер, врз основа на член 110 од Уставот на Република Северна Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2019, 256/2020 и 65/2021), на седницата одржана на 20 јуни 2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување на Законот за платите на јавните обвинители и Законот за изменување на Законот за платите на членовите на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/2024).

2. СЕ ОТФРЛААТ иницијативите во делот во кој се бара оценување на согласноста на оспорените закони наведени во точката 1 на ова решение, со член 2 став 2 од Законот за платите на јавните обвинители („Службен весник на Република Македонија“ број 110/2007, 103/2008, 161/2008, 153/2009, 67/10, 97/10, 135/11, 231/15, 248/18 и 51/2024), со член 2 став 2 од Законот за платите на членовите на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 139/2009, 67/2010, 97/2010 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/2024).

3. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Образложение

I

Здружението на јавните обвинители на Република Северна Македонија, преку неговиот претседател Елвин Вели и Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, преку неговиот претседател Душица Димитриеска, до Уставниот суд на Република Северна Македонија поднесоа одвоени иницијативи за оценување на уставноста на законите наведени во точката 1 од диспозитивот на ова решение.

Со првата иницијатива по која е формиран предметот У. бр. 131/2024, Здружението на јавните обвинители на Република Северна Македонија ги оспорува Законот за изменување на Законот за платите на јавните обвинители и Законот за изменување на Законот за платите на членовите на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија што Собранието ги донесе на 29 февруари 2024 година. Во иницијативата се цитираат уставните одредби од член 8 став 1 алинеи 1, 3, 4, 6 и 11, член 32 став 3, член 98, член 52 став 4 и член 106 став 1 од Уставот и член 2 став 2 од Законот за платите на членовите на Советот на јавните обвинители и Законот за платите на јавните обвинители, како и уставните одредби од членовите 108 и 112 кои се однесуваат на Уставниот суд.

Во иницијативата се наведува дека со вака донесените измени на Законот за платите на јавните обвинители се интервенира во платите на јавните обвинители на начин што се намалува коефициентот за утврдување на платата, а со тоа се намалува и висината на платата, имајќи во предвид дека основицата за пресметување на платата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходна година, според податоците на Државниот завод за статистика.

Подносителот на иницијативата укажува дека пред усвојувањето на измените на Законот за платите на јавните обвинители, коефициентот за утврдување на платата на јавните обвинители бил утврден на 2.8 до 3.7, што значи дека најнискиот коефициент од 2.8 е намален за 0.37, а највисокиот коефициент од 3.7 е намален за 0.49. Се наведува, исто така, дека со законските измени во член 2 од двете оспорени закони е пропишано дека ново утврдените коефициенти ќе започнат да се применуваат со исплатата на платата за месец февруари 2024 година, а во член 3 од двата оспорени закони е наведено дека влегуваат во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на РСМ“, значи од 29.2.2024 година.

Во првата иницијатива, исто така, се наведува дека со донесените измени на Законот за платите на членовите на Советот на јавните обвинители на РСМ, се интервенира во платите на членовите на Советот на јавните обвинители на начин што се намалува коефициентот за утврдување на платата, а со самото тоа се намалува и висината на платата, ако се има предвид дека основицата за пресметување на платата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика, а претходно коефициентот за утврдување на платата на претседателот на Советот изнесувал 4, додека на заменик-претседателот и на членовите на Советот изнесувал 3.7, односно намалувањето е од 0.56 или 0.49 од коефициентот.

Подносителот на иницијативата укажува дека со измените на Законот за платите на јавните обвинители бил повреден принципот на правната сигурност и предвидливост и легитимните очекувања кои се утврдени со закон. Се наведува, исто така, дека со законските измени се повредуваат уставните принципи на поделба на власта и владеењето на правото, како и самостојноста и независноста на Јавното обвинителство, како единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривичните дела и на други со закон утврдени казниви дела и врши и други работи утврдени со закон. Измените на оспорените закони се спротивни на меѓународни документи како и на праксата на Европскиот суд за човековите права, во кои финансиската независност на правосудните органи меѓу кои и јавното обвинителство е клучна во процесот на унапредување на независноста на правосудните органи. Платата на јавните обвинители треба да им обезбеди стабилен живот и да им даде чувство на сигурност и недопирливост од надворешните притисоци, поради што платата на јавните обвинители е регулирана со посебен закон и истата не смее да се споредува со платите на носителите на другите јавни функции кои се дел од извршната власт

Измените на двата оспорени закони се оспоруваат и од аспект на член 52 став 4 од Уставот со тврдење дека тие имаат повратно дејство бидејќи била донесени на крајот од февруари, во ситуација кога најголемиот дел на работните денови во месецот веќе биле реализирани во време кога во сила биле поповолните одредби од Законот за платите на јавните обвинители и Законот за платите на членовите на Советот на јавните обвинители. На тој начин со оспорената одредба биле нарушени и легитимните очекувања на јавните обвинители и на членовите на Советот на јавните обвинители.

Со иницијативата се укажува дека освен со уставните одредби, оспорените закони се во директна колизија со член 2 став 2 од Законот за платите на членовите на Советот на јавните обвинители („Службен весник на Република Македонија“ број 139/2009 од 19.11.2009 година), кој предвидува дека платата на членот на Советот, утврдена според одредбите на овој закон, не може да биде намалена со друг закон или одлука на државен орган, како и со член 2 став 2 од Законот за платите на јавните обвинители („Службен весник на Република Македонија“ број 153 од 23.12.2009 година), според кој платата на јавниот обвинител утврдена според одредбите на овој закон, не може да биде намалена со закон или одлука на држвен орган.

Поради наведените причини со иницијативата Здружението на јавните обвинители на Република Северна Македонија бара од Уставниот суд да донесе решение за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Законот за изменување на Законот за платите на јавните обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/2024) и на Законот за изменување на Законот за платите на членовите на Советот на јавните обвинители на РСМ („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/2024), и да донесе одлука со која ќе ги поништи членовите 1 и 2 од оспорените закони, како и да изрече времена мерка со која ќе го запре извршувањето на поединечните акти или дејствија што се преземени врз основа на оспорените закони, бидејќи со неговото извршување би можеле да настанат тешко отстранливи последици во вид на дополнителни трошоци по државниот буџет и буџетот на засегнатите граѓани.

Со иницијативата поднесена од Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, по која е формиран предметот У.бр.143/2024, се оспорува исто така Законот за изменување на Законот за платите на јавните обвинители и Законот за изменување на Законот за платите на членовите на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, што Собранието ги донесе на 29 февруари 2024 година, од аспект на истите наводи и одредби од Уставот како и во првата иницијатива поднесена од Здружението на јавните обвинители на Република Северна Македонија. И во оваа иницијатива се цитираат истите уставни одредби од член 8 став 1 алинеи 1, 3, 4, 6 и 11, член 32 став 3, член 52 став 4 и член 106 став 1 од Уставот, член 2 став 2 од Законот за платите на јавните обвинители и Законот за платите на членовите на Советот на јавните обвинители на РСМ, како и уставните одредби од членовите 108 и 112 од Уставот кои се однесуваат на Уставниот суд на Република Северна Македонија

Се наведува дека со оспорените закони законодавецот извршил противуставна и незаконита интервенција во самостојноста и независноста на правосудните органи, преку правно недозволено намалување на платите на јавните обвинители и на членовите на Советот на јавните обвинители како самостојни државни органи.

Според наводите во иницијативата, изградбата и одржувањето на систем на самостојни, независни и непристрасни правосудните органи, е основен постулат на уставното начело на владеење на правото и клучен елемент за одржлив развој на правен систем изграден врз општоприфатените цивилизациски вредности и заштита на човековите слободи и права.

Имено, според член 1 од Законот за вршење на сметководствени работи, со овој закон се уредуваат условите на вршење на сметководствени работи, субјектите кои вршат сметководствени работи, условите за стекнување со статус на сметководител и овластен сметководител, организацијата и работењето на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија, основањето и надлежностите на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија, како и други прашања коишто се однесуваат на вршењето на сметководствени работи.

Во Законот за вршење на сметководствени работи е уредена глава IV. Начин на стекнување статус на сметководител и овластен сметководител. Главата ги содржи членовите од 25 до 29 и ги уредува критериумите и постапката за стекнување уверение за сметководител односно овластен сметководител, постапката за упис во регистарот на сметководители односно овластени сметководители, полагањето на испитот за стекнување на статус на сметководител, односно овластен сметководител и постапката за признавање на професионална квалификација стекната во странство.

Со член 25 од Законот се уредени условите за стекнување со статус на сметководител или овластен сметководител (лице кое положило испит за стекнување статус на сметководител или овластен сметководител и има најмалку две години работно искуство во вршење на сметководствени работи под менторство на сметководител и/или овластен сметководител).

Во член 26 од Законот се пропишани доказите коишто треба да ги поднесе лицето кон барањето за полагање на испит за стекнување статус на сметководител, односно за стекнување статус на овластен сметководител. На лицата кои го положиле испитот за стекнување статус на сметководител, односно овластен сметководител, Институтот им издава уверение за сметководител, односно за овластен сметководител, а во член 27 од Законот, се пропишани доказите коишто треба да се приложат кон барањето при упис во Регистарот на сметководители, односно во Регистарот на овластени сметководители.

Во Законот е уредена и глава VI. Вршење на сметководствени работи и поднесување годишна сметка. Тука се содржани членовите од 31 до 34 во кои се уредени условите под кои трговец поединец или трговско друштво може да врши сметководствени работи, како и потребната документација што треба да се приложи кон барањето за добивање лиценца за работа.

Од погоре наведеното произлегува дека со Законот за вршење на сметководствени работи, всушност се уредени прашањата во однос на условите и критериумите под кои едно лице може да се стекне со статус на сметководител или овластен сметководител, односно со уверение за сметководител и овластен сметководител, вклучително и документите со кои се докажува исполнетоста на предвидените услови со Законот. Воедно со

Законот се уредени и условите за добивање лиценца за работа на правни лица и потребната документација за докажување на исполнетоста на условите.

Со оспорените членови се пропишуваат доказите коишто треба да се приложат кон барањето за стекнување на уверение за сметководител, односно за овластен сметководител, и доказите коишто треба да се приложат кон барањето за издавање лиценца за работа на трговецот поединец - сметководител и трговецот поединец - овластен сметководител, односно трговско друштво, а со изнесените наводи во иницијативата, подносителот всушност бара Уставниот суд да се впушти во одлучување по прашањето дали е уставно или неуставно, лице во пензија да биде спречено да врши сметководствени работи со договор на дело, што не е тема ниту содржина на оспорените членови. Поточно, ваквите аргументи за оспорување на одредбите од Правилникот не се соодветна основа за впуштање во мериторно постапување по иницијативата, ниту подносителот дава посебни и конкретни наводи за причините за неуставноста и незаконитоста за секој посебно оспорен член од Правилникот vis a vis Законот за вршење на сметководствени работи. Отсуството на соодветни и издржани аргументи за уставно проблематизирање на конкретно оспорените содржини од Правилникот, е процесна пречка за одлучување по иницијативата и причина за отфрлање на истите, согласно со член 28 алинеја 3 од Деловникот на Судот.

Меѓутоа, Судот, по сопствена иницијатива оцени за потребно да се впушти во оцена на уставноста и законитоста на Правилникот за што најнапред го разгледа прашањето дали Правилникот во кој се содржани оспорените членови, по својата форма и содржина претставува пропис за чија уставност и законитост е надлежен да одлучува Уставниот суд и дали Управниот одбор е овластен со закон да донесе Правилник за начин и постапка за добивање на уверение за сметководител и овластен сметководител и упис во регистар.

Во своите одговори Институтот наведува дека Правилникот донесен од Управниот одбор на Институтот не претставува подзаконски акт, туку интерен акт, и дека истиот е донесен врз основа на делегираните и утврдените надлежности од страна на Собранието на Институтот, укажувајќи дека Уставниот суд не е надлежен во смисла на член 110 од Уставот да ја испитува неговата уставност, односно законитост, па предлага иницијативата да се отфрли. Помеѓу другото, наведува и дека оспорениот правилник како интерен правен акт својата основа ја црпи од општиот правен акт – Законот за вршење на сметководствени работи и дека е донесен со цел олеснување на секојдневното работење и полесна практична примена на Законот од страна на Институтот.

Во конкретниот случај, Судот утврди дека во Законот за вршење на сметководствени работи се наведени актите коишто можат да бидат предложени, изготвени или донесени од страна на органите на Институтот (Собрание на Институтот, Надзорен одбор, Управен одбор и претседател на Институтот). Законот ги наведува и интерните акти коишто можат да бидат донесене од органите, меѓу кои не се наоѓа предметниот правилник за кој во одговорот се наведува дека е интерен акт. Меѓутоа, независно од тоа како е третиран Правилникот од страна на Институтот, според Судот, тој по својата форма и содржина, претставува пропис за кој Уставниот суд е надлежен да ја оценува неговата уставност и законитост, по што Судот се впушти по прашањето дали Управниот одбор е овластен со закон да донесе Правилник за начин и постапка за добивање на уверение за сметководител и овластен сметководител и упис во регистар.

Правилниците како прописи по својата правна природа генерално се подзаконски акти што се носат во функција на операционализација на законските норми, за што мора да постои законско овластување за доносителот на ваквите акти.

Член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” број 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 96/2019, 110/2019, 154/2019 и 121/2024) уредува дека:

(1) Министерот донесува правилници, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и други прописи, кога за тоа е овластен со закон.

(2) Директорот на самостојниот орган на државната управа, односно управната организација донесува правилници, решенија, наредби, упатства, планови, програми и други видови акти за извршување на законите и други прописи, кога за тоа е овластен со закон.

Воедно, член 56 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа уредува дека со правилник се утврдуваат и се разработуваат одделни одредби на законите и други прописи заради нивно извршување.

Во член 61 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа се пропишува дека со актите кои ги донесува министерот не може за граѓаните и другите правни лица да се утврдуваат права и обврски, ниту да се пропишува надлежност на други органи, а во став 2 од истиот член дека со актите кои ги донесува директорот кој раководи со самостојниот орган на државната управа, односно со управната организација не може за граѓаните и другите правни лица да се утврдуваат права и обврски, ниту да се пропишува надлежност на други органи.

Надлежностите на Управниот одбор на Институтот се пропишани во член 20 став 3 од Законот за вршење на сметководствени работи, и според овој член, Управниот одбор на Институтот:

1) ги подготвува и предлага годишната програма за работа и развој и годишниот финансиски план на Институтот;

2) ги подготвува годишната сметка и годишниот извештај за работењето на Институтот;

3) ја предлага висината на членарините;

4) ја предлага висината на надоместокот за издавање на лиценци за работа;

5) ја предлага висината на надоместокот за полагање на испит за здобивање статус на сметководител и овластен сметководител;

6) ја предлага висината на надоместокот за полагање испит за признавање на професионална квалификација стекната во странство согласно со овој закон;

7) одлучува за запишување и бришење на членовите во регистрите на Институтот;

8) ја усвојува годишната програма за континуирано професионално усовршување предложена од Комисијата за образование, обука и публикации;

9) ја предлага висината на надоместокот за континуирано професионално усовршување;

10) ја усвојува годишната програма за контрола на работењето на трговецот поединец - сметководител, трговецот поединец - овластен сметководител и друштвото за вршење на сметководствени работи;

11) ја предлага програмата за одобрување на квалификација за сметководител и овластен сметководител стекната во странство;

12) ги разгледува извештаите од извршената контрола на работењето на трговецот поединец - сметководител, трговецот поединец - овластен сметководител и

друштвото за вршење на сметководствени работи и покренува прекршочна постапка согласно со членот 47 став (2) од овој закон;

13) издава и одзема лиценци за работа;

14) ги предлага членовите на комисиите;

15) го предлага актот за висината на платите за претседателот на Институтот, секретарот и за вработените во стручната служба на Институтот, како и сите надоместоци за членовите на Управниот одбор, Надзорниот одбор, комисиите и за Собранието на Институтот;

16) одлучува за прием на донации;

17) се грижи за наплата на членарините;

18) ги извршува одлуките на Собранието на Институтот;

19) го донесува етичкиот кодекс на Институтот;

20) ги доставува ажурираните податоци од Регистарот на сметководители и овластени сметководители и субјектите што вршат сметководствени работи до Централниот регистар најдоцна до 15 јануари во тековната година за претходната година;

21) ги доставува ажурираните податоци од Регистарот на сметководители и овластени сметководители до Управата за јавни приходи најмалку еднаш месечно;

22) врши контрола и ажурирање на податоците во Регистарот на сметководители и овластени сметководители, кои ги доставува до Централниот регистар и до Управата за јавни приходи и соработува со нив за успешно спроведување на прописите на сметководството и на овој закон;

23) донесува интерен акт за начинот за чување на личните податоци и информации и

24) врш други работи согласно со овој закон.

Во член 16 точка 6) од Законот е пропишана надлежност на Институтот да издава уверение за сметководител и уверение за овластен сметководител, а во точка 7) на истиот член, да издава и одзема лиценци за работа на трговци поединци – сметководители, трговци поединци - овластени сметководители и друштва за вршење на сметководствени работи, воедно и во погоре цитираниот член 20 став 3 точка 13) од Законот е предвидено дека Управниот одбор на Институтот издава и одзема лиценци за работа. Меѓутоа, Законот не предвидува донесување на пропис (правилник) за начинот и постапката на издавање на уверение за сметководител, односно овластен сметководител и упис во регистрите, како што е предметниот Правилник.

Од погоре изнесеното, неспорно е дека во Законот за вршење на сметководствени работи, не е предвидена надлежност на Управниот одбор да донесе акт, во случајов правилник, со кој ќе го уреди начинот и постапката за добивање на уверение за сметководител и овластен сметководител и упис во регистар.

При донесувањето на Правилникот во кој се содржани и оспорените членови, Управниот одбор, се повикал на член 27 став 3 точка 39 од Статутот на Институтот за сметководители и овластени сметководители.

Од увидот во Статутот на Институтот (донесен на седница на Собранието на Институтот од 02.12.2023 година, изменет со Одлука на Собранието од 02.12.2023 година) констатиравме дека во член 27 став 3 од Статутот се пропишани надлежностите на Управниот одбор на Институтот, во кој е содржана точка 39, којашто гласи „Управниот одбор донесува акт за начинот и постапката на издавање уверение за сметководител, односно овластен сметководител и упис во регистрите", поточно дека Собранието на Институтот утврдило надлежност на Управниот одбор за носење на правилник, каков што е предметниот.

Со член 14 став 7 од Законот за вршење на сметководствени работи е уредена материјата којашто може да биде предмет на уредување со Статутот на Институтот, а таа се однесува на организацијата, управувањето, работењето, финансирањето и претставувањето на членовите на Институтот во сите негови органи.

Во Законот за вршење на сметководствени работи се наведени подзаконските акти коишто ги донесува министерот за финансии, а се наведени и актите коишто можат да бидат предложени, изготвени или донесени од страна на органите на Институтот (Собрание на Институтот, Надзорен одбор, Управен одбор и претседател на Институтот).

Меѓутоа, во Законот за вршење на сметководствени работи, не се согледува норма со која се уредува овластување на орган на Институтот (во случајов Управниот одбор) да го пропише и донесе Правилникот во кој се содржани и оспорените членови, а со тоа, не може ваква надлежност за Управниот одбор изворно да биде пропишана во Статутот на Институтот, од кои причини Судот изрази сомнеж за согласноста на Правилникот со Уставот и Законот за вршење на сметководствени работи.

Судот ги имаше предвид наводите од Институтот дека Правилникот во кој се содржани оспорените одредби е донесен врз основа на делегираните и утврдените надлежности од страна на Собранието на Институтот, меѓутоа, тоа не може да делегира надлежност којашто и за него не е утврдена во Законот за вршење на сметководствени работи.

Владеењето на правото од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија се остварува и преку уставната определба од член 51 од Уставот дека законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и законите, како и дека секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Во конкретниот случај, Правилникот е донесен без законски основ, односно спротивно на член 51 од Уставот, со што пред Судот со основ се постави прашањето за неговата законитост, следствено со основ се постави прашањето и за неговата уставност, односно со темелната вредност на уставниот поредок - начелото на владеење на правото од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, согласно кое во правниот поредок не може да егзистираат прописи за кои не постои основ во закон за нивното донесување.

IV

Врз основа на наведеното, Судот одлучи како во диспозитивот на ова решение.

| | |
|---|---|
| У. бр. 170/2024<br>20 јуни 2024 година<br>Скопје | Претседател<br>на Уставниот суд на Република<br>Северна Македонија<br>д-р **Дарко Костадиновски,** с.р. |

# КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2585.**

Врз основа на член 101 и член 107 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/2020, 288/2021 и 53/2024), постапувајќи по Барањето број 02-43342/1 од 28.12.2023 година и Барањето број 02-43342/2 од 28.12.2023 година, на Халк Банка АД Скопје, корегирани и дополнети на 6.2.2024 година, 13.2.2024 година, 22.2.2024 година, 2.4.2024 година, 12.4.2024 година, 2.5.2024 година и 28.5.2024 година, Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 12.7.2024 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се дава дозвола за вршење на услуги со хартии од вредност на Халк Банка АД Скопје-Одделение за работа со хартии од вредност со седиште на ул. Свети Кирил и Методиј број 54 во Скопје.

2. Халк Банка АД Скопје-Одделение за работа со хартии од вредност ќе ги врши следниве услуги со хартии од вредност предвидени во член 94 точки а), б), г), ѓ), ж), з)и и) од Законот за хартии од вредност:

а) купување и продавање на хартии од вредност по налог и за сметка на клиентот;

б) купување и продавање на хартии од вредност во свое име и за своја сметка;

г) вршење на трансакциите и активностите за сметка на издавачот на хартиите од вредност потребни за успешна јавна понуда на хартии од вредност, без задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност;

ѓ) дејствување како покровител при котација;

ж) извршување на трансакции и активности за сметка на трети лица потребни за преземање на едно акционерско друштво во согласност со Законот за преземање на акционерски друштва;

з) чување на хартии од вредност што вклучува отварање и водење на сметки на хартии од вредност во свое име, а за сметка на клиенти во депозитар, отворање и водење на сметки на хартии од вредност и за своите клиенти кои не се сопственици на тие хартии од вредност, а за сметка на нивните клиенти и други услуги со хартии од вредност по налог на клиентот (исплата на достасани побарувања од издавачите врз основа на достасани хартии од вредност, камати и дивиденди за сметка на сопствениците на тие хартии од вредност, известување за собранија на акционерите и застапување на тие собранија, плаќање на даночни обврски на клиентот врз основа на хартии од вредност кои се во негова сопственост и слично) и

и) вршење дополнителни услуги за издавачите на хартии од вредност.

3. Се дава согласност за именување на Миленко Ѓошевски за Раководител на Халк Банка АД Скопје-Одделение за работа со хартии од вредност за период од 1 година, согласно Одлуката број 04-39598/2 од 19.12.2023 година за именување на Раководител на Халк Банка АД Скопје-Одделение за работа со хартии од вредност, донесена од Управниот одбор на Халк Банка АД Скопје.

4. Дозволата од точка 1 и точка 2 и согласноста од точка 3 на ова Решение се дава под услов Народна Банка на Република Северна Македонија да даде согласност на Халк Банка АД Скопје за вршење на финансиски активности предвидени во Законот за банките.

5. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

УП 1 Број 08-206
12 јули 2024 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

---

Në mbështetje të nenit 101 dhe nenit 107 të Ligjit të Letrave me Vlerë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 31/2020, 288/2021 dhe 53/2024), duke vepruar ndaj Kërkesës numër 02-43342/1, datë 28.12.2023 dhe Kërkesës numër 02-43342/2, datë 28.12.2023 të “Halk Bankës” ShA, Shkup, të korrigjuara dhe të plotësuara më 6.2.2024, më 13.2.2024, më 22.2.2024, më 2.4.2024, më 12.4.2024, më 2.5.2024 dhe më 28.5.2024, Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 12.7.2024, miratoi

**A K T V E N D I M**

1. Jepet leje për kryerjen e shërbimeve me letra me vlerë “Halk Bankës” ShA, Shkup – Njësia e punës së letrave me vlerë, me seli në rr. “Shën Kirili dhe Metodi” numër 54, Shkup.

2. “Halk Banka” – Njësia e punës së letrave me vlerë do t’i kryejë këto shërbime të letrave me vlerë, të parapara në nenin 94, pikat a), b), ç), d), ë), f) dhe gj) të Ligjit të Letrave me Vlerë:

a) blerja dhe shitja e letrave me vlerë me urdhëresë dhe për llogari të klientit;

b) blerja dhe shitja e letrave me vlerë në emër dhe për llogari të vet;

ç) kryerje e transaksioneve dhe aktiviteteve për llogari të emetuesit të letrave me vlerë, të nevojshme për ofertë të suksesshme publike të letrave me vlerë, pa blerje të detyrueshme të letrave me vlerë të pashitura;

d) veprim si kujdestar gjatë listimit;

ë) zbatimi i transaksioneve dhe aktiviteteve për llogari të personave të tretë të nevojshme për marrje të një shoqërie aksionare në përputhje me Ligjin e Marrjes së Shoqërive Aksionare;

f) ruajtja e letrave me vlerë që përfshin hapje dhe mbajtje të llogarive të letrave me vlerë në emër të vet, a për llogari të klientëve në depozitar, hapje dhe mbajtje të llogarive të letrave me vlerë edhe për klientët e vet të cilët nuk janë pronarë të letrave me vlerë në fjalë, a për llogari të klientëve të tyre dhe shërbime të tjera me letra me vlerë me urdhëresë të klientit (pagesë e pretendimeve të maturuara nga emetuesit në bazë të letrave me vlerë të maturuara, interesave dhe dividentave për llogari të pronarëve të letrave me vlerë në fjalë, njoftim për kuvende të aksionarëve dhe përfaqësim në ato kuvende, pagesë e detyrimeve tatimore të klientit në bazë të letrave me vlerë të cilat janë në pronësi të tij dhe të ngjajshme), dhe

gj) kryerje e shërbimeve shtesë për emetuesit e letrave me vlerë.

3. Jepet pëlqim për emërimin e Milenko Gjoshevskit për Udhëheqës të “Halk Bankës” ShA, Shkup – Njësia e punës së letrave me vlerë për një periudhë prej 1 viti, në përputhje me Vendimin numër 04-39598/2, datë 19.12.2023 për emërimin e një Udhëheqësi të “Halk Bankës” ShA, Shkup – Njësia e punës së letrave me vlerë, të miratuar nga Këshilli Drejtues i “Halk Bankës” ShA, Shkup.

4. Leja nga pika 1 dhe pika 2 dhe pëlqimi nga pika 3 e këtij Aktvendimi jepet me kusht që Banka Popullore e Republikës së Maqedonisë së Veriut, t’i japë pëlqim “Halk Bankës” ShA, Shkup, për kryerjen e aktiviteteve financiare të parapara në Ligjin e Bankave.

5. Ky Aktvendim do të botohet në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

PA 1 Numër 08-206
12.7.2024
Shkup

Komisioni i Letrave me Vlerë i
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Kryetare,
Mr. Sc. **Nora Aliti,** d.v.

## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**2586.**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22, а во врска со алинеја 8 од истиот член од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23 и 55/24) и член 3 ставови 3 и 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/23), а согласно Заклучокот, бр.02-2978/7 од 10.7.2024 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 28-та седница одржана на 10.7.2024 г. донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ НА МЕРЕЊЕ НА ГЛЕДАНОСТА И СЛУШАНОСТА НА ПРОГРАМИТЕ, ОДНОСНО ПРОГРАМСКИТЕ СЕРВИСИ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа Одлука престанува да важи Упатството за начинот на мерење на гледаноста и слушаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.198/14 и 219/15).

Член 2

Упатството од член 1 на оваа Одлука, не произведува правни последици од денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/23).

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страната на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

| | |
|---|---|
| Бр. 01-3026/1<br>11 јули 2024 година<br>Скопје | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,<br>Претседател на Советот,<br>**Лазо Петрушевски,** с.р. |

___

Në mbështetje të nenit 18, paragrafi (1), nënparagrafi 22, a në lidhje me nënparagrafin 8 të nenit të njëjtë të Ligjit të Shërbimeve Mediatike Audio dhe Audiovizuele ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 dhe 27/19 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.42/20, 77/21, 154/23 dhe 55/24) dhe nenit 3, paragrafët (3) dhe (4) të Ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Shërbimeve Mediatike Audio dhe Audiovizuele ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.154/23), a në pajtim me Konkluzionin, nr. 02-2978/7, datë 10.7.2024, Këshilli i Agjencisë së Shërbimeve Mediatike Audio dhe Audiovizuele, në seancën e 28-të, mbajtur më 10.7.2024, miratoi

**V E N D I M**
**PËR PUSHIMIN E VLEFSHMËRISË SË UDHËZIMIT PËR MËNYRËN E MATJES SË SHIKUESHMËRISË DHE DËGJUESHMËRISË TË PROGRAMEVE, GJEGJËSISHT SHËRBIMEVE PROGRAMORE TË TRANSMETUESVE NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË**

Neni 1

Me këtë Vendim pushon vlefshmëria e Udhëzimit për mënyrën e matjes së shikueshmërisë dhe dëgjueshmërisë të programeve, gjegjësisht shërbimeve programore të transmetuesve në Republikën e Maqedonisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr.198/14 dhe 219/15).

Neni 2

Udhëzimi nga neni 1 i këtij Vendimi, nuk prodhon pasoja juridike nga dita e hyrjes në fuqi të Ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për Shërbime Mediatike Audio dhe Audiovizuele ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.154/23).

Neni 3

Ky Vendim hyn në fuqi ditën e miratimit, dhe do të botohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" dhe në ueb-faqen e Agjencisë së Shërbimeve Mediatike Audio dhe Audiovizuele.

| | |
|---|---|
| Nr. 01-3026/1<br>11.7.2024<br>Shkup | Agjencia e Shërbimeve Mediatike Audio dhe Audiovizuale,<br>Kryetari i Këshillit,<br>**Лазо Петрушевски,** d.v. |

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2587.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19,236/22 и 134/24) и член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 11 јули 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА МЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија издадена на Друштвото за трговија и услуги СМАРТ ЕНЕРГИ ТРАДИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје ( „Службен весник на Република Северна Македонија" 42/23) во Прилогот 1 во точката 1. Назив и седиште на носителот на лиценца зборовите:„ Анастас Митрев" бр. 5-1/34 Скопје-Аеродром " се менуваат со зборовите: "Свети Климент Охридски бр. 58 б/1-2".

2. Измената на лиценцата од точка 1 на оваа одлука се врши согласно известување за настанати промени во седиштето на Друштвото.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

| | |
|---|---|
| УП1 бр.12-226/24<br>11 јули 2024 година<br>Скопје | Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија<br>Претседател,<br>**Марко Бислимоски,** с.р. |

___

Në bazë të nenit 24, paragrafi (1), pika 1), nënparagrafi 18, të Ligjit të Energjetikës* ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 96/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 96/19, 236/22 dhe 134/24) dhe nenit 21 paragrafi (1) pika 5) të Rregullores së Licencave ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 dhe 44/21), Komisioni Rregullator i Energjetikës, i Shërbimeve të Ujit dhe i Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën , e mbajtur më 11 korrik 2024, solli këtë

**V E N D I M
PËR NDRYSHIMIN E VENDIMIT PËR DHËNIEN E LICENCËS PËR USHTRIMIN E VEPRIMTARISË ENERGJETIKE TË TREGTISË ME ENERGJI ELEKTRIKE**

1. Në Vendimin për Dhënien e Licencës për Ushtrimin e Veprimtarisë Energjetike të Tregtisë me Energji Elektrike, të dhënë për Shoqërinë e Tregtisë dhe të Shërbimeve SMART ENERGI TRADING SHPKNJP import-eksport Shkup („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 42/23) në Shtojcën 1 në pikën 1. emri dhe selia e bartësit të licencës, fjalët: "Anastas Mitrev" nr. 5-1/34 Shkup-Aerodrom" ndryshohen me fjalët: "Shën Klimenti i Ohrit nr. 58 b/1-2".

2. Ndryshimi i licencës nga pika 1 e këtij vendimi bëhet në përputhje me njoftimin për ndryshimet e bëra në selinë e shoqërisë.

3. Ky vendim hyn në fuqi me ditën e miratimit të tij, ndërsa publikohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" dhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Komisioni Rregullator i Energjetikës, Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturinat Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut
PA1 nr.12-226/24
11 korrik 2024
Shkup
Kryetar,
**Марко Бислимоски,** d.v.

**2588.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 42 став (1) точка 2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 236/22 и 134/24) и член 14 став (1) точка 2) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 јули 2024 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за производство, трговија и услуги СОЛАРГЕО ДООЕЛ увоз – извоз Скопје му се издава привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „СОЛАРГЕО ОЧИПАЛА".

2. Привремената лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија е дадена во Прилог, којшто е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
УП1 бр. 12-307/24
8 јули 2024 година
Скопје
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

Прилог:

**ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**1. Назив и седиште на носителот на привремена лиценца**

Друштвото за производство, трговија и услуги СОЛАРГЕО ДООЕЛ увоз – извоз Скопје, со седиште ул. "Љубљанска" бр.5 Скопје - Карпош , Република Северна Македонија.

**2. Енергетската дејност за која се издава привремена лиценца:**

Производство на електрична енергија

**3. Евидентен број на привремена лиценца:** ЕЕ-ПРОИЗ-1454-2024

**4. Единствен матичен број:** 7380879

**5. Единствен даночен број:** 4009019506870

**6. Локација на вршење на енергетската дејност**

Носителот на привремената лиценца, енергетската дејност производство на електрична енергија ќе ја врши од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „СОЛАРГЕО ОЧИПАЛА" на КП бр. 1292, КО Очипала, ГП бр. 1292, градба број 1, м.в. Трлиште, Општина Делчево.

**7. Право на приклучување и пристап на системот за дистрибуција на електрична енергија**

Носителот на привремената лиценца има право на приклучување и пристап на системот за дистрибуција на електрична енергија заради исполнување на условите за издавање на лиценца за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со Законот за енергетика и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

**8. Права, обврски и одговорности на носителот на привремена лиценца**

Правата, обврските и одговорностите на носителот на привремената лиценца во врска со вршењето на енергетската дејност, неговото учество на пазарот на електрична енергија, начинот и постапката за доставување на извештаи за финансиското работење и начинот на извршување на дејноста, како и начинот и постапката за доставување на извештаи, информации и други податоци потребни за следење на функционирањето на пазарот на електрична енергија ќе бидат уредени со лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.

**9. Производни капацитети со кои ќе се врши енергетската дејност**

Енергетската дејност производство на електрична енергија, ќе се врши од фотонапонска електроцентрала со следните технички карактеристики:

а) назив на фотонапонска електроцентрала: ФЕЦ "СОЛАРГЕО ОЧИПАЛА"

б) моќност на фотонапонска електроцентрала по фотонапонски панели: 425,7 kWp

г) моќност на фотонапонска електроцентрала по инвертори: 400 kW

д) година на почеток на градба: 2023; завршеток на градба и почеток на работа: 2024 година

ѓ) проценет животен век на ФЕЦ: 35 години

е) податоци за опрема:

- тип и производител, моќност и број на фотонапонски панели:

AU-144MH (AU550-36V-MH), AUSTA, 774 панели со моќност од 550 W

- тип и производител, моќност и број на инвертори:

SUN-100K-G03-DEYE, 4 инвертори со номинална моќност од 100 kW

ж) годишно сончево зрачење на таа локација: 1563 kWh/m2

з) очекувано годишно производство на електрична енергија: 665300 kWh/годишно.

---

Në bazë të nenit 24, paragrafi (1), pika 1, nënparagrafi 18 dhe nenit 42 paragrafi (1) pika 2) të Ligjit të Energjetikës* ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 96/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 96/19, 236/22 dhe 134/24) dhe nenit 14 paragrafi (1) pika 2) të Rregullores së Licencave ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 dhe 44/21), Komisioni Rregullator i Energjetikës, i Shërbimeve të Ujit dhe i Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 8 korrik 2024, solli këtë

**V E N D I M
PËR DHËNIEN E LICENCËS SË PËRKOHSHME PËR USHTRIMIN E VEPRIMTARISË ENERGJETIKE TË PRODHIMIT TË ENERGJISË ELEKTRIKE**

1. Shoqërisë së Prodhimit, të Tregtisë dhe të Shërbimeve SOLARGEO SHPKNJP eksport–import Shkup, i jepet licencë e përkohshme për ushtrimin e veprimtarisë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike nga centrali elektrik diellor CED "SOLARGEO OÇIPALA".

2. Licenca e përkohshme për ushtrimin e veprimtarisë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike është dhënë në shtojcë, e cila është pjesë përbërëse e këtij vendimi.

3. Ky vendim hyn në fuqi në ditën e sjelljes së tij dhe botohet në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut” dhe publikohet në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës, të Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

PA1 nr. 12-307/24
8 korrik 2024
Shkup

Komisioni Rregullator i Energjetikës, Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturinat Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut
Kryetar,
**Марко Бислимоски,** d.v.

Shtojcë:

**LICENCË E PËRKOHSHME
PËR USHTRIMIN E VEPRIMTARISË ENERGJETIKE TË PRODHIMIT TË ENERGJISË ELEKTRIKE**

**1. Emri dhe selia e bartësit të licencës së përkohshme:**
Shoqëria e Prodhimit, e Tregtisë dhe e Shërbimeve SOLARGEO SHPKNJP import– eksport Shkup, me seli në rr. "Ljubljanska" nr. 5 Shkup-Karposh, Republika e Maqedonisë së Veriut."

**2. Veprimtaria energjetike, për të cilën jepet licenca e përkohshme:**
Prodhimi i energjisë elektrike

**3. Numri evidentues i licencës së përkohshme:** ЕЕ-ПРОИЗ-1454-2024

**4. Numri amzë:** 7380879

**5. Numri tatimor:** 4009019506870

**6. Lokacioni ku ushtrohet veprimtaria energjetike**
Bartësi i licencës së përkohshme do ta kryejë veprimtarinë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike nga centrali elektrik diellor CED “SOLARGEO OÇIPALA” në PK nr. 1292, KK Oçipalla, PN nr. 1292, ndërtimin numër 1, v.q. Trlishtë, komuna e Dellçevës.

**7. E drejta për lidhje dhe qasje në sistemin e shpërndarjes së energjisë elektrike**
Bartësi i licencës së përkohshme ka të drejtë të lidhet dhe të ketë qasje në sistemin e shpërndarjes së energjisë elektrike, për shkak se i plotëson kushtet për dhënien e licencës për ushtrimin e veprimtarisë energjetike prodhim të energjisë elektrike në pajtim me Ligjin e Energjetikës dhe në pajtim me Rregullat e Rrjetit të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike.

**8. Të drejtat, detyrimet dhe përgjegjësitë e bartësit të licencës së përkohshme:**
Të drejtat, detyrimet dhe përgjegjësitë e bartësit të licencës së përkohshme në lidhje me ushtrimin e veprimtarisë energjetike, pjesëmarrjen e tij në tregun e energjisë elektrike, mënyrën dhe procedurën e dërgimit të raporteve për punën financiare dhe mënyrën e ushtrimit të veprimtarisë, si dhe mënyrën dhe procedurën e dërgimit të raporteve, informatave dhe të dhënave të tjera, të nevojshme për ndjekjen e funksionimit të tregut të energjisë elektrike, do të rregullohen me licencën për ushtrimin e veprimtarisë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike.

**9. Kapacitetet prodhuese, me të cilat do të ushtrohet veprimtaria energjetike**
Veprimtaria energjetike e prodhimit të energjisë elektrike, do të ushtrohet nga centrali elektrik diellor me karakteristikat teknike në vijim:

a) emri i centralit elektrik diellor: CED "SOLARGEO OÇIPALA"

b) fuqia e centralit elektrik diellor sipas paneleve fotovoltaike: 425,7 kWp

c) fuqia e centralit elektrik diellor sipas invertorëve: 400 kW

d) viti i fillimit të ndërtimit: 2023; përfundimi i ndërtimit dhe fillimi i punës: viti 2024

e) jetëgjatësia e paraparë e CED: 35 vite

f) të dhënat për pajisjen:

- lloji dhe prodhuesi, fuqia dhe numri i paneleve fotovoltaike:

AU-144MH (AU550-36V-MH), AUSTA, 774 panele me fuqi prej 550 W

- lloji dhe prodhuesi, fuqia dhe numri i invertorëve:

SUN-100K-G03-DEYE, 4 invertorë me fuqi nominale prej 100 kW

g) rrezatimi vjetor diellor në atë lokacion: 1563 kWh/m2

h) prodhimi i pritur vjetor i energjisë elektrike: 665300 kWh/vit.

---

**2589.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 44 став (2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22 и 134/24) и член 15 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 11 јули 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за производство на електрична енергија ФОРТУНА СОЛАР ДОО Скопје се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „КАРБИНЦИ”.

2. Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија е дадена во Прилог, којшто е составен дел на оваа одлука.

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлука за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „КАРБИНЦИ“ („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 107/23) и Одлука за издавање на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „КАРБИНЦИ“ („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 155/23, 82/24 и 85/24).

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

УП1 бр. 12-321/24
11 јули 2024 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

Прилог:

**Л И Ц Е Н Ц А**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**1. Назив и седиште на носителот на лиценцата**
Друштвото за производство на електрична енергија ФОРТУНА СОЛАР ДОО Скопје, со седиште на ул. „Борис Трајковски“ бр. 274 Скопје, Република Северна Македонија.

**2. Енергетска дејност за која се издава лиценцата:** Производство на електрична енергија

**3. Датум на издавање на лиценцата:** 11 јули 2024 година

**4. Датум на важење на лиценцата:** 11 јули 2059 година

**5. Евидентен број на издадената лиценца:** ЕЕ-ПРОИЗ-994-2024

**6. Единствен матичен број:** 7590024

**7. Единствен даночен број:** 4058022542080

**8. Подрачје на кое се врши енергетската дејност**
Носителот на лиценцата ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „КАРБИНЦИ” на КП бр.562/8 и КП бр.562/9 КО Долни Балван, Општина Карбинци.

**9. Општи обврски за носителот на лиценцата**
Носителот на лиценцата е должен да:
- постапува согласно член 70 од Законот за енергетика*,
- обезбеди сигурно, безбедно, континуирано и квалитетно производство и испорака на електрична енергија до точката на прием во електродистрибутивниот систем,
- им ги обезбеди на операторот на електропреносниот систем, операторот на пазарот на електрична енергија, операторот на електродистрибутивниот систем, сите потребни податоци и информации кои се неопходни за извршувањето на нивните обврски од лиценците, во согласност со Мрежните правила за пренос на електрична енергија, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија и Правилата за пазар на електрична енергија,
- доставува извештаи за опремата, постројките, плановите за одржување и планираната расположливост до операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија,
- доставува податоци и информации согласно Правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,
- доставува известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност,
- да води одвоено сметководство за секоја поединечна енергетска дејност што ја врши или други дејности кои ги извршува,
- ги почитува и да постапува согласно Правилата за пазар на електрична енергија, Правилата за балансирање на електроенергетскиот систем, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, како и согласно правилниците и другите прописи кои ги донесува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија врз основа на Законот за енергетика*,
- овозможи непосреден увид по барање на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци,
- работи во согласност со законите, другите прописи и општи акти на Република Северна Македонија, а особено оние кои се однесуваат на вршење на дејноста производство на електрична енергија, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа.

**10. Обврска за доставување на Годишен извештај за работењето**
Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија најдоцна до 31 март во тековната година да достави Годишен извештај за работењето, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година.

Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:
1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината,
2) годишна завршна сметка со сите прилози,
3) преземени мерки во текот на извештајната година за:

- заштита на објектите и опремата од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност,

- безбедност и здравје при работа,

- кадровска екипираност, обука и стручно усовршување на вработените,

- заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето,

- извршување на мониторинг на работењето,

- вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба,

4) извршување на годишната програма за ремонти,

5) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година,

6) извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, известаите и решенијата од извршените надзори и контроли.

**11. Доверливост на информациите**

Носителот на лиценцата е должен во согласност со закон, да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци и информации при вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија.

**12. Квалитет на услугата**

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

**13. Мерење на произведената електрична енергија и моќност**

Мерењето на произведената, односно испорачаната електрична енергија во електродистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место на начин и постапка утврдени согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

**14. Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата**

Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

**15. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**

Ако носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

**16. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност**

Носителот на лиценцата ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала со следните технички карактеристики:

а) назив на фотонапонска електроцентрала: ФЕЦ „КАРБИНЦИ ФАЗА 1 и ФАЗА 2"

б) моќност на фотонапонска електроцентрала по фотонапонски панели: 5809.32 kW

в) моќност на фотонапонска електроцентрала по инвертори: 4600 kW

г) година на почеток и завршеток на градба и почеток со работа: 2023 и 2024 година

д) проценет животен век на ФЕЦ: повеќе од 25 години

ѓ) податоци за опрема:

- тип и производител, моќност и број на фотонапонски панели:

Фаза 1: монокристални панели од типот LONGI LR5-72HBD, вкупно 3276 панели од по 545W и 5592 панели со моќност од 550 W,

Фаза 2: монокристални панели од типот LONGI LR5-72HBD, со вкупно 1740 панели од по 545W,

- тип и производител, моќност и број на инвертори:

Фаза 1: HUAWEI SUN2000-215KTL-H0, 19 инвертори со номинална моќност од по 200kW

Фаза 2: HUAWEI SUN2000-215KTL-H0, 4 инвертори со номинална моќност од по 200kW

е) годишно сончево зрачење на таа локација: 1585 kWh/m2

ж) очекувано годишно производство на електрична енергија: 9.207.772,2 MWh.

---

Në bazë të nenit 24, paragrafi (1), pika 1) nënparagrafi 18 dhe nenit 44 paragrafi (2) të Ligjit të Energjetikës ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 96/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 96/19, 236/22 dhe 134/24) dhe nenit 15 të Rregullores së Licencave („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 dhe 44/21), Komisioni Rregullator i Energjetikës, i Shërbimeve të Ujit dhe i Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 11 korrik 2024, solli këtë

## V E N D I M
## PËR DHËNIEN E LICENCËS PËR USHTRIMIN E VEPRIMTARISË ENERGJETIKE PRODHIM TË ENERGJISË ELEKTRIKE

Bartësi i licencës së përkohshme ka të drejtë të lidhet dhe të ketë qasje në sistemin e shpërndarjes së energjisë elektrike, për shkak se i plotëson kushtet për dhënien e licencës për ushtrimin e veprimtarisë energjetike prodhim të energjisë elektrike në pajtim me Ligjin e Energjetikës dhe në pajtim me Rregullat e Rrjetit të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike.

**8. Të drejtat, detyrimet dhe përgjegjësitë e bartësit të licencës së përkohshme:**

Të drejtat, detyrimet dhe përgjegjësitë e bartësit të licencës së përkohshme në lidhje me ushtrimin e veprimtarisë energjetike, pjesëmarrjen e tij në tregun e energjisë elektrike, mënyrën dhe procedurën e dërgimit të raporteve për punën financiare dhe mënyrën e ushtrimit të veprimtarisë, si dhe mënyrën dhe procedurën e dërgimit të raporteve, informatave dhe të dhënave të tjera, të nevojshme për ndjekjen e funksionimit të tregut të energjisë elektrike, do të rregullohen me licencën për ushtrimin e veprimtarisë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike.

**9. Kapacitetet prodhuese, me të cilat do të ushtrohet veprimtaria energjetike**

Veprimtaria energjetike e prodhimit të energjisë elektrike, do të ushtrohet nga centrali elektrik diellor me karakteristikat teknike në vijim:

a) emri i centralit elektrik diellor: CED "HELIOCENTRUM 26"

b) fuqia e centralit elektrik diellor sipas paneleve fotovoltaike: 2 968,14 kW

c) fuqia e centralit elektrik diellor sipas invertorëve: 2000 kW

d) viti i fillimit dhe i mbarimit të ndërtimit dhe fillimi i punës: viti 2024

e) jetëgjatësia e paraparë e CED: 35 vite

f) të dhënat për pajisjen:

- lloji dhe prodhuesi, fuqia dhe numri i paneleve fotovoltaike: monokristalore,

LONGI SOLAR, LR5-72HPH 555Wp, 5348 panele me fuqi prej 555 Wp,

- lloji dhe prodhuesi, fuqia dhe numri i invertorëve:

SUNGROW SG250HX, 8 invertorë me fuqi prej 250 kW,

- stacion transformatori KBTS 10.5 (21)/0.8 kV 2x1.250 kVA.

g) rrezatimi vjetor diellor në atë lokacion: 1634 kWh/2

h) prodhimi i pritur vjetor i energjisë elektrike: 4858,6 MWh

---

**2594.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 44 став (2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија” бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 96/19, 236/22 и 134/24) и член 15 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 11 јули 2024 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштвото за производство и трговија со електрична енергија ГАМА СОЛАР ДОО Скопје се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „ГАМА СОЛАР 1”.

2. Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија е дадена во Прилог, којшто е составен дел на оваа одлука.

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлука за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „ГАМА СОЛАР 1“ („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 150/23) и Одлука за издавање на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „ГАМА СОЛАР 1“ („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 267/23).

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во “Службен весник на Република Северна Македонија” и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

УП1 бр.12-373/24
11 јули 2024 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

Прилог:

## Л И Ц Е Н Ц А
## ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

**1. Назив и седиште на носителот на лиценцата**

Друштво за производство и трговија со електрична енергија ГАМА СОЛАР ДОО Скопје со седиште на ул. “Живко Чинго” бр.8а 1-2 Скопје - Центар.

**2. Енергетска дејност за која се издава лиценцата:** Производство на електрична енергија

**3. Датум на издавање на лиценцата:** 11 јули 2024 година

**4. Датум на важење на лиценцата:** 11 јули 2059 година

**5. Евидентен број на издадената лиценца:** ЕЕ-ПРОИЗ-1085-2024

**6. Единствен матичен број:** 7604564

**7. Единствен даночен број:** 4080022607837

**8. Подрачје на кое се врши енергетската дејност**

Носителот на лиценцата ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „ГАМА СОЛАР 1” на КП бр. 3857/2, КП бр. 3858, КП бр. 3844 и КП бр. 3843 КО Кавадарци – вонград, Општина Кавадарци.

**9. Општи обврски за носителот на лиценцата**

Носителот на лиценцата е должен да:

- постапува согласно член 70 од Законот за енергетика*,

- обезбеди сигурно, безбедно, континуирано и квалитетно производство и испорака на електрична енергија до точката на прием во електродистрибутивниот систем,

- им ги обезбеди на операторот на електропреносниот систем, операторот на пазарот на електрична енергија, операторот на електродистрибутивниот систем, сите потребни податоци и информации кои се неопходни за извршувањето на нивните обврски од лиценците, во согласност со Мрежните правила за пренос на електрична енергија, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија и Правилата за пазар на електрична енергија,

- доставува извештаи за опремата, постројките, плановите за одржување и планираната расположливост до операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија,

- доставува податоци и информации согласно Правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,

- доставува известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност,

- да води одвоено сметководство за секоја поединечна енергетска дејност што ја врши или други дејности кои ги извршува,

- ги почитува и да постапува согласно Правилата за пазар на електрична енергија, Правилата за балансирање на електроенергетскиот систем, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, како и согласно правилниците и другите прописи кои ги донесува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија врз основа на Законот за енергетика*,

- овозможи непосреден увид по барање на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци,

- работи во согласност со законите, другите прописи и општи акти на Република Северна Македонија, а особено оние кои се однесуваат на вршење на дејноста производство на електрична енергија, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа.

**10. Обврска за доставување на Годишен извештај за работењето**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија најдоцна до 31 март во тековната година да достави Годишен извештај за работењето, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година.

Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината,

2) годишна завршна сметка со сите прилози,

3) преземени мерки во текот на извештајната година за:

- заштита на објектите и опремата од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност,

- безбедност и здравје при работа,

- кадровска екипираност, обука и стручно усовршување на вработените,

- заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето,

- извршување на мониторинг на работењето,

- вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба,

4) извршување на годишната програма за ремонти,

5) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година,

6) извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли.

**11. Доверливост на информациите**

Носителот на лиценцата е должен во согласност со закон, да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци и информации при вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија.

**12. Квалитет на услугата**

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

**13. Мерење на произведената електрична енергија и моќност**

Мерењето на произведената, односно испорачаната електрична енергија во електродистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место на начин и постапка утврдени согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

**14. Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата**

Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

**15. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**

Ако носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

**16. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност**

Носителот на лиценцата ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала со следните технички карактеристики:

а) назив на фотонапонска електроцентрала: ФЕЦ "ГАМА СОЛАР 1"

б) моќност на фотонапонска електроцентрала по фотонапонски панели: 2.157,84 kW

в) моќност на фотонапонска електроцентрала по инвертори: 1.935 kW

г) година на почеток и завршеток на градба и почеток на работа: 2023 година

д) проценет животен век на ФЕЦ: 30 години

ѓ) податоци за опрема:

- тип и производител, моќност и број на фотонапонски панели:

LONGI 555W Hi-MO 6 Explorer LR5-72HTD, 3.888 панели со моќност од 555 Wp

- тип, производител и номинални податоци на инвертор:

HUAWEI SUN2000-215KTL-H0, 9 инвертори со моќност од 215 kW

е) годишно сончево зрачење на таа локација: 1.755,17 kWh/m2

ж) очекувано годишно производство на електрична енергија: 3,094 GWh/год.

---

Në bazë të nenit 24, paragrafi (1), pika 1) nënparagrafi 18 dhe nenit 44 paragrafi (2) të Ligjit të Energjetikës ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 96/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 96/19, 236/22 dhe 134/24) dhe nenit 15 të Rregullores së Licencave („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 dhe 44/21), Komisioni Rregullator i Energjetikës, i Shërbimeve të Ujit dhe i Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 11 korrik 2024, solli këtë

## V E N D I M
## PËR DHËNIEN E LICENCËS PËR USHTRIMIN E VEPRIMTARISË ENERGJETIKE PRODHIM TË ENERGJISË ELEKTRIKE

1. Shoqërisë së Prodhimit dhe të Tregtisë me Energji Elektrike GAMA SOLAR SHPK Shkup, i jepet licencë për ushtrimin e veprimtarisë energjetike prodhim të energjisë elektrike nga centrali elektrik diellor CED "GAMA SOLAR 1".

2. Licenca për ushtrimin e veprimtarisë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike është dhënë në shtojcë, e cila është pjesë përbërëse e këtij vendimi.

3. Në ditën e hyrjes në fuqi të këtij vendimi, nuk vlen më Vendimi për Dhënien e Licencës së Përkohshme për Ushtrimin e Veprimtarisë Energjetike të Prodhimit të Energjisë Elektrike nga centrali elektrik diellor CED "GAMA SOLAR 1" („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 150/23) dhe Vendimi për Dhënien e Licencës së Punës Provë për Ushtrimin e Veprimtarisë Energjetike të Prodhimit të Energjisë Elektrike nga centrali elektrik diellor CED "GAMA SOLAR 1" ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 267/23).

4. Ky vendim hyn në fuqi në ditën e sjelljes së tij dhe botohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" dhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës, të Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

| | |
|---|---|
| | Komisioni Rregullator i Energjetikës, Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturinat Komunale |
| PA1 nr.12-373/24 | të Republikës së Maqedonisë së Veriut |
| 11 korrik 2024 | Kryetar, |
| Shkup | **Марко Бислимоски,** d.v. |

Shtojcë:

## L I C E N C Ë
## PËR USHTRIMIN E VEPRIMTARISË ENERGJETIKE TË PRODHIMIT TË ENERGJISË ELEKTRIKE

**1. Emri dhe selia e bartësit të licencës:**
Shoqëria e Prodhimit dhe e Tregtisë me Energji Elektrike GAMA SOLAR SHPK Shkup me seli në rr. "Zhviko Çingo" nr.8a 1-2 Shkup-Qendër.

**2. Veprimtaria energjetike, për të cilën jepet licenca:** Prodhim i energjisë elektrike

**3. Data e dhënies së licencës:** 11 korrik 2024

**4. Data e skadimit të licencës:** 11 korrik 2059

**5. Numri evidentues i licencës së dhënë:** ЕЕ-ПРОИЗ-1085-2024

**6. Numri amzë:** 7604564

**7. Numri tatimor:** 4080022607837

**8. Rajoni ku ushtrohet veprimtaria energjetike**
Bartësi i licencës e ushtron veprimtarinë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike nga centrali elektrik diellor CED "GAMA SOLAR 1" në PK nr. 3857/2, PK nr. 3858, PK nr. 3844 dhe PK nr. 3843, KK Kavadar– jashtë qytetit, komuna e Kavadarit.

**9. Detyrimet e përgjithshme për bartësin e licencës**
Bartësi i licencës është i detyruar:

- të punojë në përputhje me nenin 70 të Ligjit të Energjetikës*,
- të sigurojë prodhim dhe dërgesë të sigurt, të vazhdueshme dhe cilësore të energjisë elektrike deri në pikën e pranimit në sistemin e shpërndarjes së energjisë elektrike,
- t'i sigurojë operatorit të sistemit të transmetimit të energjisë elektrike, operatorit të tregut të energjisë elektrike, operatorit të sistemit të shpërndarjes së energjisë elektrike, të gjitha informatat e nevojshme dhe të dhënat që janë të domosdoshme për kryerjen e detyrimeve të tyre që rrjedhin nga licencat, në përputhje me Rregullat e Rrjetit të Transmetimit të Energjisë Elektrike, Rregullat e Rrjetit të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike dhe Rregullat e Tregut të Energjisë Elektrike,
- të dërgojë raporte për pajisjen, impiantet, planet e mirëmbajtjes dhe disponueshmërinë e planifikuar deri te operator i sistemit të shpërndarjes së energjisë elektrike, në përputhje me Rregullat e Rrjetit të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike,
- të dërgojë të dhëna dhe informata në përputhje me Rregulloren e Mënyrës dhe të Procedurës së Përcjelljes së Funksionimit të Tregjeve të Energjisë,
- të dërgojë njoftime për të gjitha rrethanat, ngjarjet dhe ndryshimet, të cilat kanë apo mund të kenë ndikim në ushtrimin e veprimtarisë energjetike,
- të udhëheqë kontabilitet të veçantë për secilën veprimtari energjetike veçmas që e ushtron apo për veprimtari të tjera që i ushtron,

- t'i respektojë dhe të punojë në përputhje me Rregullat e Tregut të Energjisë Elektrike, Rregullat e Balancimit të Sistemit Elektro-Energjetik, Rregullat e Rrjetit të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike si dhe në përputhje me rregulloret dhe rregullat e tjera, që i sjell dhe i miraton Komisioni Rregullator i Energjetikës, i Shërbimeve të Ujit dhe i Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale i Republikës së Maqedonisë së Veriut në bazë të Ligjit të Energjetikës*,

- të mundësojë qasje të drejtpërdrejtë me kërkesë të Komisionit Rregullator të Energjetikës, të Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në dokumentacionin e përgjithshëm që i referohet kryerjes së veprimtarisë energjetike për të cilën është dhënë licenca, në pajtueshmëri me Rregulloren e Licencave,

- të punojë në përputhje me ligjet, rregullat e tjera dhe aktet e përgjithshme të Republikës së Maqedonisë së Veriut, posaçërisht ato që i referohen kryerjes së veprimtarisë së prodhimit të energjisë elektrike, mbrojtjes së konkurrencës, mbrojtjes së konsumatorëve, mbrojtjes së mjedisit jetësor, jetës dhe shëndetit të njerëzve dhe mbrojtjes gjatë punës

**10. Detyrimi për dërgimin e Raportit Vjetor të Punës**

Bartësi i licencës është i detyruar që, deri te Komisioni Rregullator i Energjetikës, i Shërbimeve të Ujit dhe i Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale i Republikës së Maqedonisë së Veriut, më së voni deri më 31 mars të vitit vijues, të dërgojë raport vjetor pune duke përfshirë edhe raportin e punës financiare dhe afariste gjatë vitit të kaluar.

Raporti vjetor me të gjitha shtojcat e tij duhet të dërgohet edhe në formë elektronike.

Raporti vjetor duhet të përmbajë të dhëna për:

1) përshkrimin dhe vëllimin e veprimtarisë energjetike gjatë vitit,

2) llogarinë përfundimtare vjetore me të gjitha shtojcat,

3) masat e marra gjatë vitit raportues për:

- mbrojtje të objekteve dhe pajisjes nga ndikimet e jashtme dhe aksidentet dhe sigurimin e ndërtesave dhe pajisjeve për ushtrimin e veprimtarisë energjetike,

- siguri dhe shëndet gjatë punës,

- ekipimin kuadror, trajnimin dhe përsosjen profesionale të të punësuarve,

- mbrojtjen e mjedisit jetësor, jetës dhe shëndetit të njerëzve,

- monitorimin e punës,

- ushtrimin e veprimtarive në kushte të gjendjes së krizës, ndryshimin e kushteve në tregun botëror si dhe në gjendje lufte apo të jashtëzakonshme,

4) kryerjen e programit vjetor për riparime,

5) realizimin e planit të punës, që i referohet vitit përkatës,

6) monitorime inspektoriale të kryera nga organet kompetente dhe organet e tjera shtetërore, me kopje të bashkëngjitura të procesverbaleve, raporteve dhe aktvendimeve të monitorimeve dhe të kontrolleve të kryera.

**11. Besueshmëria e informatave**

Bartësi i licensës është i detyruar që në pajtueshmëri me ligjin, të sigurojë besueshmërinë e të dhënave afariste dhe informatave gjatë kryerjes së veprimtarisë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike.

**12. Cilësia e shërbimit**

Bartësi i licencës duhet të sigurojë mjete teknike dhe kushte të tjera që mundësojnë cilësi konstante të energjisë elektrike të prodhuar, në përputhje me Rregullat e Rrjetit të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike.

Bartësi i licencës duhet të kryejë monitorim të vazhdueshëm të parametrave që e përcaktojnë cilësinë e energjisë elektrike të prodhuar dhe me kërkesë të Komisionit Rregullator të Energjetikës, të Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut, të dërgojë raport me shkrim për lëvizjen e të gjithë parametrave që e përcaktojnë cilësinë e energjisë elektrike të prodhuar në periudhën e përcaktuar kohore.

**13. Matja e energjisë elektrike dhe e fuqisë së prodhuar**

Matja e energjisë elektrike të prodhuar, gjegjësisht të dërguar në sistemin e shpërndarjes së energjisë elektrike, kryhet në vendin matës përllogaritës në mënyrë dhe procedura të përcaktuara në përputhje me Rregullat e Rrjetit të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike.

**14. Ndryshimi, vazhdimi, bartja, ndërprerja, pezullimi dhe heqja e licencës**

Ndryshimi, vazhdimi, bartja, ndërprerja, pezullimi dhe heqja e kësaj licence do të bëhet në përputhje me dispozitat e Ligjit të Energjetikës* dhe Rregullores së Licencave.

**15. Masat në rast të mosplotësimit të detyrimeve të bartësit të licencës**

Nëse bartësi i licencës nuk i plotëson kushtet e përmbajtura në këtë licencë, Komisioni Rregullator i Energjetikës, i Shërbimeve të Ujit dhe i Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale i Republikës së Maqedonisë së Veriut do të marrë masa në përputhje me Ligjin e Energjetikës* dhe me Rregulloren e Licencave.

**16. Kapacitetet prodhuese, me të cilat ushtrohet veprimtaria energjetike**

Bartësi i licencës e ushtron veprimtarinë energjetike, prodhim të energjisë elektrike nga centrali elektrik diellor, me karakteristikat teknike në vijim:

a) emri i centralit elektrik diellor: CED "GAMA SOLAR 1"

b) fuqia e centralit elektrik diellor sipas paneleve fotovoltaike: 2157,84 kW

c) fuqia e centralit elektrik diellor sipas invertorëve: 1935 kW

d) viti i fillimit dhe i mbarimit të ndërtimit dhe fillimi i punës: viti 2023

e) jetëgjatësia e paraparë e CED: 30 vite

f) të dhënat për pajisjen:

- lloji dhe prodhuesi, fuqia dhe numri i paneleve fotovoltaike:

LONGI 555W Hi-MO 6 Explorer LR5-72HTD, 3.888 panele me fuqi prej 555 Wp

- lloji, prodhuesi, dhe të dhënat nominale të invertorit:

HUAWEI, SUN2000-215KTL-H0, 9 invertorë me fuqi prej 215 kW

g) rrezatimi vjetor diellor në atë lokacion: 1.755,17 kWh/m2

h) prodhimi i pritur vjetor i energjisë elektrike: 3,094 GWh/vit.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК

на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: **ЈП Службен весник на Република Северна Македонија**, ц.о. – Скопје
**бул. „Партизански одреди" бр. 29, поштенски фах 51.**
**в.д. Директор и одговорен уредник – Дејанчо Цветановски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2024 година изнесува 16.650 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница Серафимовски ДОО Скопје.**

**ISSN 0354-1622**

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## на Република Северна Македонија

**Број 148** **16 јули 2024, вторник** **година LXXX**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


# О Г Л А С И

## СОДРЖИНА


| | Стр. |
|---|---|
| Судски огласи………………………………… | 1 |
| Стечајни постапки…………………………. | 2 |
| Нотарски огласи…………………………… | 6 |
| Јавни објави на извршители………………. | 12 |
| Неважечки документи……………………... | 13 |
| Огласи………………………………………. | 17 |
| Јавни набавки………………………………. | 24 |


## СУДСКИ ОГЛАСИ

ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Основен граѓански суд Скопје поднесена е тужба од тужителката Ленче Миковска од Скопје, против тужената Везирка Ѓорѓиева од Скопје со пријавено живеалиште на бул. „Јане Сандански“ бр.116/3-13 Скопје, за долг по основ на закупнина и надомест на материјална штета, вредност на спорот 525.240 денари.

За привремен застапник на тужената Везирка Ѓорѓиева од Скопје, која ќе ја застапува тужената во постапката сè додека тужената или нејзиниот полномошник не се појави пред судот односно додека Центарот за социјална работа не назначи старател, со Решение на овој суд 28 П4. бр. 855/23 од 7.6.2024 е назначен адвокат Јована Тасевска Наунова.

Се повикува тужената Везирка Ѓорѓиева од Скопје, во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас да се јави во судот како тужена во постапка по тужба на тужителката Ленче Миковска од Скопје во спротивно привремениот застапник ќе ги заштитува нејзините интереси во постапката.

Од Основен граѓански суд Скопје, Оддел за имотни спорови 28 П4.бр. 855/23. (34344)

ОСНОВЕН СУД ВО ОХРИД

Пред Основен суд Охрид во тек е постапка за докажување на смрт за лицето Наум Сајкоски со последно место на живеење во Австралија, на непозната адреса, која постапка е поведена по предлог на предлагачот Будимир Наумоски од Охрид.

Се повикува лицето Наум Сајкоски роден на 7.9.1942 година во село Коњско, Охрид, од татко Ѓорѓи Сајкоски и мајка Благуна Сајкоска, моминско Лекоска, со последно место на живеење во Австралија, на непозната адреса, како и секој друг што знае за неговиот живот, да се јави во Основен суд Охрид во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот на „Службен весник на РСМ“.

По истекот на рокот од 15 дена ќе се донесе соодветно решение.

Од Основен суд Охрид, ВПП. бр. 79/23. (34804)

ОСНОВЕН СУД ВО ПРИЛЕП

Пред Основниот суд во Прилеп, заведен е спор по тужба на тужителот Друштво за застапување и осигурувањето Ваш Пријател АД Прилеп, против тужениот Ајхан Јаоски од с. Саждево со непозната адреса на живеење во Р Германија со правен основ долг, со вредност на спорот од 8.630 денари.

Се повикува тужениот Ајхан Јаоски од с. Саждево, со непозната адреса на живеење во Р Германија, во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави во Основниот суд во Прилеп, да достави точна адреса на живеење и престојување или да одреди свој полномошник што ќе ги штити неговите права и интереси во текот на постапката.

Доколку во определениот рок не се јави или не определи свој полномошник, неговите права и интереси ќе бидат заштитени со поставување на привремен застапник преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Прилеп до правосилно завршување на спорот.

Од Основен суд – Прилеп, МАЛВП. бр. 48/2023. (34805)

ОСНОВЕН СУД ВО СТРУГА

Пред Основниот суд во Струга поднесен е предлог од предлагачот Лирдон Деари, адвокат од Гостивар, против противниците Јозеф Котрч од Р Чешка роден 12.2.1966 година и Петар Хасал од Р Чешка роден на ден 18.4.1943 година, за издавање на привремена мерка.

За привремен застапник на противниците Јозеф Котрч од Р Чешка и Петар Хасал од Р Чешка, кој ќе ги застапува противниците во постапката сè додека про-

**Огласи**

тивниците лично или преку полномошник не се појавуваат пред судот односно додека Центарот за социјална работа не назначи старател. Со решение на овој суд ВПП2-38/23 е назначен Емин Куртиши, адвокат од Струга.

Од Основен суд – Струга, ВПП2-38/23. (34803)

ОСНОВЕН СУД ВО СТРУМИЦА

Основниот суд во Струмица, како првостепен суд преку судијата Лорета Абрашева постапувајќи по тужба на тужителот Огнен Георгиев од с. Градско Балдовци, а против тужената Катерина Георгиева од с. Дукатино, за развод на брак, со вредност на спорот од 20.000 денари, согласно со чл. 76 и 78 од ЗПП, се објавува следниот оглас.

За привремен застапник на тужената Катерина Георгиева од с. Дукатино куќен број 74 која е со непозната адреса на престој и живеење, во предметот заведен при Основен суд Струмица под П2. бр. 120/23, за развод на брак, со вредност на спорот од 20.000 денари, по тужба на тужителот Огнен Георгиев од с. Градско Балдовци, се назначува Блаже Христов, адвокат од Струмица.

Се повикува тужената Катерина Георгиева од с. Дукатино сега со непозната адреса на престој и живеење, да се јави во просториите на Основен суд во Струмица на ден 4.10.2024 година во 9:00 часот, во судница бр. 11, во Основен суд во Струмица заради одржување на расправа.

Истовремено се предупредува тужената Катерина Георгиева од с. Дукатино, сега со непозната адреса на престој и живеење, доколку не се јави на овој оглас на ден 4.10.2024 година во 9:00 часот судница бр. 11 во Основен суд во Струмица, ниту пак го извести судот за поставување на свој полномошник, дека определениот привремен застапник Блаже Христов, адвокат од Струмица, ќе ја застапува сè до правосилно завршување на спорот по предметот П2. бр. 120/23.

Привремениот застапник да ги застапува интересите на тужената Катерина Георгиева од с. Дукатино, сега со непозната адреса на престој и живеење сè до нејзино појавување или поставување на полномошник пред Основниот суд во Струмица со сите права, согласно со Законот за чл. 77 од ЗПП.

Од Основен суд – Струмица, П2. бр. 120/23. (34802)

## СТЕЧАЈНИ ПОСТАПКИ

Основниот суд во Кавадарци, преку стечајниот судија Елизабета Петковска, објавува дека со Решение Ст. бр. 16/24 од 8.7.2024 година, се поведува претходна постапка за утврдување на причината за отворање стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги Б И Ј МЛАДЕНОВИ ДООЕЛ увоз-извоз Неготино, со седиште на ул. „Маршал Тито“ бр. 98 Неготино, со ЕМБС 7120494, ЕДБ 4019016507005 и трансакциска сметка бр. 240320105213391 што се води при Универзална инвестициона банка АД Скопје, со приоритетна дејност – Трговија на мало со овошје и зеленчук во специјализирани продавници – со означена шифра 47.21.

Се закажува рочиште за испитување на условите за отворање стечајна постапка на ден 20.8.2024 година во 11:00 часот, во судница бр. 2 на овој суд.

Се задолжува должникот Друштво за производство, трговија и услуги Б И Ј МЛАДЕНОВИ ДООЕЛ увоз-извоз Неготино, по приемот на решението да му ги стави на располагање на привремениот стечаен управник, сите податоци и известувања потребни за донесување на одлука во врска со поднесениот предлог, како и да се воздржува од активности со кои би се отежнало исполнувањето на тие обврски.

За привремен стечаен управник се определува лицето Христина Јоновска од Скопје, лиценциран и овластен стечаен управник ул. „4“ бр. 104 А Ново Село, Ѓорче Петров, Скопје, регистриран како ТП Еуро Виста стечаен управник Христина Петар Јоновска од Скопје, број на телефон 075/423-265, e-mail: hjonovska@gmail. com.

При што привремениот стечаен управник се задолжува да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори стечајна постапка и дали имотот е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите и да изготви извештај за економско – финансиската состојба на должникот, неплатени обврски на должникот по сите основи (придонеси и даноци од плата, други даноци, комунална такса, обврска спрема доверители и сл.).

Се задолжуваат: Фонд за здравствено осигурување на РСМ, Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на РСМ, Агенција за вработување на РСМ, Министерство за финансии – Управа за јави приходи и Општина Демир Капија – Локална самоуправа да му овозможат на привремениот стечаен управник увид во нивните евидентирани податоци со кој што располагат со цел да се утврди дали должникот има обврски по основ на неплатени придонеси, даноци и комунална такса и доколку има колку изнесува нивната висина, како и на барање на привремениот стечаен управник да му достават и писмен извештај за обврските на должникот.

Се задолжува должникот да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории за да може да ги спроведе потребните дејствија како и да му дозволи и да му овозможи да изврши увид во трговските книги и во неговата деловна документација.

Решението да се достави до Централен регистар на РСМ во кој е запишан должникот.

Решението да се објави на огласната табла на судот, да се објави оглас во „Службен весник на РСМ“, како и на страницата на Централниот регистар на РСМ и на веб-страницата на судот.

Од Основен суд – Кавадарци. (33619)

---

Основниот граѓански суд Скопје, со Решение IV. Ст. бр. 14/24, отвора стечајна постапка над должникот Друштво за сервисирање на инсталации за греење СЕРВИСИ ЗА ГРЕЕЊЕ ДООЕЛ Скопје од Скопје, со седиште на ул. „Лондонска“ б. б., со трансакциска сметка бр. 300000003266802 во Комерцијална банка АД Скопје, единствен матичен број на субјектот на упис 6699723, единствен даночен број 4057011512433 при УЈП – Регионална дирекција Скопје и шифра на дејност 43.22 – Поставување на инсталации за водовод, канализација и плин и инсталации за греење и клима уреди.

Стечајната постапка не се спроведува заради немање имот и се заклучува.

Да се објави оглас на веб-страницата на Централниот регистар на Република Северна Македонија – Регионална регистрациона канцеларија – Скопје, во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на огласната табла на судот.

По правосилноста на Решението должникот да се брише од Централен регистар на Република Северна Македонија.

Од Основен граѓански суд Скопје. (34201)

# Огласи

Основниот граѓански суд – Скопје, преку стечајниот судија Ирена Антоска, објавува дека со Решение 1 Ст. бр. 159/24 од 9.7.2024 година, се поведува претходна постапка за испитување на условите за отворање стечајна постапка над должникот Друштво за деловни услуги, трговија на големо и мало увоз-извоз КОНЗОРТИ ОКИ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Добромир Хрс“ бр. 12, Скопје, со трансакциска сметка број 210061823800182 во НЛБ Тутунска банка АД Скопје, единствен матичен број на субјектот на уписот 6182380, единствен даночен број 4030007620188 при УЈП – Регионална дирекција Скопје и шифра на дејност 69.20 – Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување.

Се закажува рочиште поради изјаснување по предлогот за отворање на стечајна постапка на ден 22.8.2024 година во 9:45 часот, во судница број II на I кат.

Се определуваат следните мерки за обезбедување:

За привремен стечаен управник се определува Маринко Саздовски од Скопје, бул. „Јане Сандански“ бр. 106/2, Скопје.

Се задолжува привремениот стечаен управник да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства, да дава согласност на органите за управување на должникот за водење на работењето сè до донесување на одлука за отворање на стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот и да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори и е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите и да изготви извештај за економско-финансиската состојба на должникот.

Се одредува општа забрана за располагање со имотот на должникот.

Се забранува одредување или спроведување на присилно извршување или обезбедување против должникот.

Се забрануваат исплати од сметките на должникот.

Се повикуваат должниците на должникот своите обврски да ги исполнуваат, а должниковите солидарни содолжници и гаранти без одлагање да ги исполнат своите обврски кон должникот.

Се задолжува должникот да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории за да може да ги спроведе потребните дејствија, како и да му допушти увид во трговските книги и во неговата деловна документација.

Од Основен граѓански суд Скопје. (34221)

---

Основниот граѓански суд Скопје со Решение IV Ст. бр. 83/23 преку стечајниот судија Артан Лимани вон рочиште на ден 9.7.2024 година, објавува дека се закажува Собрание на доверители на стечајниот должник Друштво за производство, трговија и услуги СКОПСКИ ЛЕГУРИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје од Скопје, во стечај, за ден 26.8.2024 година, во 13:00 часот, судница 6, на 1 кат, со точка на

ДНЕВЕН РЕД

Расправање и гласање на Собрание на доверители на стечајниот должник по предложениот план за реорганизација изготвен од страна на доверителот ЛАВОЈ АЛИАНЦЕ ЛИМИТЕТ Лондон Велика Британија, доставен до судот на ден 27.6.2024 година.

Предложениот план за реорганизација и примените изјаснувања се достапни за увид за учесниците во стечајното досие на судот.

Огласот да се објави во „Службен весник на РСМ“, во еден дневен весник и на огласната табла на судот.

Од Основен граѓански суд – Скопје. (34222)

---

Основниот граѓански суд Скопје, објавува дека со Решение IV Ст. бр. 152/24, поведува претходна постапка за испитување на условите за отворање стечајна постапка над должникот Друштво за развој на софтвер, трговија и услуги САЈШАРК ДООЕЛ Скопје од Скопје, со седиште на бул. „8-ми Септември“ бр. 18-3/1, со трансакциска сметка број 300000004072484 во Комерцијална банка АД Скопје, единствен матичен број на субјектот на уписот 7187254, единствен даночен број 4057017536300 при УЈП – Регионална дирекција Скопје и шифра на дејност 62.01 – Компјутерско програмирање.

Се закажува рочиште поради изјаснување по предлогот за отворање стечајна постапка на ден 18.9.2024 година во 12:00 часот, во судница број VI на I кат.

Се определуваат следните мерки за обезбедување:

За привремен стечаен управник се определува лицето Маринко Саздовски од Скопје, бул. „Јане Сандански“ бр. 106/2.

Се задолжува привремениот стечаен управник да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства, да дава согласност на органите на управување на должникот за водење на работењето сè до донесување на одлука за отворање стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот и да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори и е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите и да изготви извештај за економско-финансиската состојба на должникот.

Се одредува општа забрана за располагање со имотот на должникот.

Се забранува одредување или спроведување на присилно извршување или обезбедување против должникот.

Се забрануваат исплати од сметките на должникот.

Се повикуваат должниците на должникот своите обврски да ги исполнуваат, а должниковите солидарни содолжници и гаранти без одлагање да ги исполнат своите обврски кон должникот.

Се задолжува должникот да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории за да може да ги спроведе потребните дејствија, како и да му допушти увид во трговските книги и неговата деловна документација.

Се задолжува привремениот стечаен управник во прилог на Извештајот за економско-финансиската состојба на должникот да ги достави и следните потврди: потврда од Агенцијата за катастар на недвижности, потврда од МВР, потврда од Централен депозитар за хартии од вредност, потврда од Заложен регистар, и потврда од Централниот регистар на РСМ, дали должникот располага со имот во друго трговско друштво.

Да се објави оглас на веб-страницата на Централен регистар на Република Северна Македонија – Регионална регистрациона канцеларија – Скопје, во „Службен весник на Република Северна Македонија“, на огласната табла на судот и на веб-страницата на Основен граѓански суд Скопје.

Од Основен граѓански суд Скопје. (34224)

---

Основниот суд во Гевгелија, преку стечајниот судија Злата Попова, објавува дека со Решение Ст. бр. 8/24 од 1.7.2024 година, се поведува претходна постапка за утврдување на причини за отворање стечајна постапка

**Огласи**

над должникот Друштво за посредување, транспорт и услуги ВИС ЛОГИСТИК ДООЕЛ Стојаково, Богданци, со седиште на ул. „Солунска“ бр. 16 во Стојаково, Општина Богданци, со ЕМБС 7354444, со ЕДБ 4034019502518, приоритетна дејност 49.41 – Товарен патен транспорт, трансакциска сметка бр. 240270110772027 при УНИ банка АД Скопје.

Се закажува рочиште за испитување на условите за отворање стечајна постапка на ден 19.8.2024 година во 10:00 часот, во судница бр. 1 на Основен суд во Гевгелија.

Се задолжува должникот Друштво за посредување, транспорт и услуги ВИС ЛОГИСТИК ДООЕЛ Стојаково, Богданци, по приемот на решениeто да ги стави на располагање сите податоци и известувања потребни за донесување на одлука во врска со поднесениот предлог.

За привремен стечаен управник се именува Звонко Караманов од Гевгелија, ул. „С.М.Данко“ бр. 57, број на телефон 070/990-211, e-mail z.karamanov.stecaj@yahoo.com.

Се задолжува привремениот стечаен управник да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства, да дава согласност на органите за управување на должникот за водење на работењето сè до донесување на одлука за отворање стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот и да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори и е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите и да изготви извештај за економско-финансиската состојба на должникот.

Привремениот стечаен управник го презема овластувањето да управува со имотот на стечајниот должник, како и да го застапува должникот во парниците кои ги води должникот.

Се одредува општа забрана за располагање со имотот на должникот и на сопственикот и овластеното лице.

Се забранува определување или спроведување на присилно извршување или обезбедување против должникот.

Се забранува исплата од сметките на должникот.

Се повикуваат должниците на должникот да ги исполнат своите обврски спрема должникот.

Се повикуваат должниковите солидарни содолжници и гаранти без одлагање да ги исполнат своите обврски кон должникот.

Од Основен суд – Гевгелија. (34452)

---

Основниот суд во Битола, со Решение Ст. бр. 95/2024 од 10.7.2024 година, објавува дека поведува претходна постапка за утврдување на причините за отворање стечајна постапка над должникот Друштво за производство, угостителство, услуги и трговија на големо и мало БАДИ 2004 ДООЕЛ увоз-извоз Демир Хисар, со жиро-сметка бр. 500000000573782 во Стопанска банка АД Битола, со ЕМБС 6024181 со даночен број 4010005103630 и претежна дејност 56.10.

Се закажува рочиште за испитување на условите за отворање стечајна постапка на ден 19.8.2024 година во 10:00 часот во соба 53.

Против ова Решение жалба не е дозволена.

Се определуваат следните мерки за обезбедување:

За привремен стечаен управник се определува овластениот стечаен управник м-р Мирјана Попчановска од Битола.

Се забранува располагање со имотот на должникот, освен со претходно одобрение на привремениот стечаен управник.

Се задолжува привремениот стечаен управник да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства, да дава согласност на органите за управување на должникот за водење на работењето сè до донесувањето на одлука за отворање стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот и да се испита дали од имотот на должникот можат да се намират трошоците на постапката и да се намират обврските спрема доверителите и да изготви извештај за економско-финансиската состојба на должникот.

Се задолжува должникот да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории, за да може да ги спроведе дејствијата како и да му допушти увид во трговските книги и во неговата во деловната документација.

Се забранува одредување или спроведување на присилно извршување или обезбедување против должникот.

Се забранува исплата од сметките на должникот.

Се повикуваат должниците на должникот и должниковите солидарни должници и гаранти без одлагање да ги исполнат своите обврски кон должникот.

Од Основен суд – Битола. (34806)

---

Основниот суд во Битола со Решение Ст. бр. 96/24 од 9.7.2024 година, објавува дека се поведува претходна постапка поради утврдување на условите за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги ВИНДОР увоз-извоз ДООЕЛ Битола, со седиште во Битола, ул. „Димо Хаџи Попов“ бр. 12, Битола, со ЕДБ 4002007502459, со ЕМБС 6303463, со претежна дејност шифра 22.23 – Производство на предмети за вградување (градежна стока) од пластични маса, со жиро-сметка во НЛБ Тутунска банка АД Скопје, со број 210-0630346301-33 и во ТТК банка АД Скопје со број 290-0000007638-29.

Се определува одржување на рочиште за испитување на условите за отворање на стечајна постапка на ден 18.7.2024 година, во 11:00 часот, соба бр. 55 на Основниот суд во Битола.

Против Решението за поведување на претходна постапка не е дозволена жалба.

Примерок од решението се доставува до Централниот регистар на РСМ.

За привремен стечаен управник се именува м-р економист Ели Божиновска од Битола, ул. „Климент Охридски“ бр. 13/4.

Се задолжува привремениот стечаен управник да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства, да дава согласност на органите на управување на должникот за водење на работењето сè до донесување на одлука за отворање на стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот и да испита дали од имотот на должникот можат да се намират трошоците на постапката и да се намират обврските кон доверителите и да се изготви извештај за економско-финансиската состојба на должникот.

Се задолжува должникот, законскиот застапник и одговорните лица на привремениот стечаен управник да му дозволат да влезе во деловните простории за да може да се спроведат потребите дејствија како и да изврши увид во трговските книги и во деловната документација.

Се применуваат мерките на обезбедување согласно со чл. 58 од Законот за стечај.

Се забранува располагање со имотот на должникот, освен со претходно одобрение на привремениот стечаен управник.

## Огласи

Се забранува определување или спроведување на присилно извршување или обезбедување против должникот.

Се забрануваат исплати од сметките на должникот.

Се повикуваат должниците и должниковите солидарни должници и гаранти без одлагање да ги исполнат своите обврски кон должникот.

Решението да се објави на огласната табла на судот и во „Службен весник на РСМ“.

Од Основен суд – Битола. (34807)

---

Со Решение на стечајниот судија при Основен суд - Струмица под Ст. бр. 27/24 од 5.7.2024 година, се поведува претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги САРВИК ТРЕЈД ДООЕЛ Струмица увоз-извоз с. Габревци, Конче, во ликвидација, со седиште во населено место без уличен систем Габревци, Конче со ЕДБ 4023007500550, ЕМБС 6284302.

Се определуваат следните мерки за обезбедување:

За привремен стечаен управник се именува Јован Митков од Струмица на ул. „Ката Поцкова“ бр. 110-2/9, тел. бр. 077/956-466.

Се определува општа забрана за располагање со имотот на должникот, забрана за оптоварување-ставање под хипотека на недвижниот имот и ставање во залог на подвижниот имот во сопственост на должникот.

Привремениот стечаен управник е должен:

- да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства,
- да дава согласност на органите на управување на должникот за водење на работењето сè до донесување на одлука за отворање стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот
- да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори и е доволен за спроведување стечајна постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањето на доверителите.

Рочиште за испитување на условите за отворање стечајна постапка над должникот се закажува на ден 5.9.2024 година во 10:30 часот.

Против ова Решение не е дозволена жалба.

Од Основен суд – Струмица. (34808)

---

Со Решение на стечајниот судија при Основниот суд во Струмица под Ст. бр. 25/24 од 5.7.2024 година, објавува дека се поведува претходна постапка за утврдување на причините за отворање стечајна постапка над должникот Друштво за трговија, производство и услуги АЛВИМАК ДООЕЛ Струмица, со седиште на ул. „1 Мај“ бр. 2 Струмица, Струмица, со ЕДБ 4027006151256, ЕМБС 6155880.

Се определуват следните мерки за обезбедување:

За привремен стечаен управник се именува Борис Грозданов од Струмица, ул. „Младинска“ бр. 43/9, тел. бр. 070/214-938.

Се одредува општа забрана за располагање со имотот на должникот, забрана за оптоварување-ставање под хипотека на недвижниот имот и ставање во залог на подвижниот имот во сопственост на должникот.

Привремениот стечаен управник е должен:

- да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства,
- да дава согласност на органите на управување на должникот, за водење на работите сè до донесување на одлуката за отворање стечајна постапка, со цел да се избегне значително намалување на имотот и
- да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори и е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапката и побарувањето на доверителите.

Рочиште за испитување на услови за отворање стечајна постапка на должникот се закажува за ден 4.9.2024 година во 10:15 часот.

Против ова Решение не е дозволена жалба.

Од Основен суд – Струмица. (34809)

---

Основниот суд во Струмица со Решение на стечајниот судија Ст. бр. 26/24 од 5.7.2024 година, се поведува претходна постапка за утврдување на причините за отворање стечајна постапка над должникот Друштво за вештачење и книговодство ГИС КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Струмица, со седиште на ул. „Вардарска“ бр.50, Струмица, Струмица, со ЕДБ 4027015522135, со ЕМБС 7023871.

Се определуваат следните мерки за обезбедување:

За привремен стечаен управник се именува Драги Димовски од Струмица ул. „Братсво единство“ бр. 36/1-2 тел. 070/374-785.

Се одредува општа забрана за располагање со имотот на должникот, забрана за оптоварување-ставање под хипотека на недвижниот имот и ставање во залог на подвижниот имот во сопственост на должникот.

Привремениот стечаен управник е должен:

